# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ПО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018 ГОДИНА

## **В О В Е Д**

Оценките и заклучоците на Општата седница на Врховниот суд, претставуваат остварување на принципот на самостојност и независност на судската власт, а воедно и остварување на уставната положба и улога на Врховниот суд, како највисок суд во Републиката. Таа положба е битна и одговорна токму за оценката како функционираат судовите во Република Северна Македонија, дали тие се ажурни и квалитетни во обезбедувањето на правдата и заштитата на основните човекови права и слободи, како и во обезбедувањето на правната сигурност на граѓаните на Република Македонија.

На овој план, како во последните години, така и за извештајната 2018 година, податоците во рефератите по извештаите покажуваат дека судовите вложиле голем труд со што се констатира дека повеќето со постоечките персонални, материјални и финански услови за работа, успеале да го совладат приливот на нови предмети, а решавале и од заостатокот со што ажурно ја завршиле 2018 година.

Но, секако останува впечатокот дека со обновувањето на информатичката опрема, пополнувањето на судовите со доволен и соодветен кадар, по упразнувањето на работните места со исполнување на условите за пензионирање, со континуирана едукација, како и со подобрување на материјалната и финансиска состојба, ќе може да се постигнат уште подобри резултати.

Судовите 2018 година ја започнале со 97.054 предмети. Во текот на 2018 година вкупно примени се 457.058 предмети. Погрешно заведени предмети се 246 предмети и повторно во работа 7.623 предмети. Во 2018 година судовите имале вкупно во работа 561.489 предмети, а решени се 471.923 предмети. Останале нерешени 89.566 предмети. Со тоа, судовите во 2018 успеале да го совладаат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за 14.865 предмети.

Вишиот Управен суд ја почнал 2018 година со 750 предмети од 2017 година. Во текот на 2018 година примил **3.622** предмети, вкупно во работа имал 4.370 предмети од кои решил 3.494 предмети, со што останале нерешени 876 предмет и го зголемил заостатокот за 128 предмети.

Управниот суд ја почнал 2018 година со **7.579** нерешени предмети, примил нови **7.398** предмети, со што вкупно во работа имал **15.277** предмети. Решил 9.157, односно 1759 предмети повеќе од бројот на примени предмети.

Апелационите судови 2018 година ја започнале со нерешени **9.471** предмети, примиле нови **28.837**, со што вкупно во работа имале **38440** предмети. Во 2018 година Апелационите судови решиле **28.841** предмет, односно за 4 повеќе од бројот на примените предмети.

Основните судови 2018 година ја започнале со нерешени **79.254** предмети, примиле нови **417.201** предмет, или во 2018 година имале вкупно во работа 503.402 предмети. Од овие решени се **430.431** предмет. Со тоа основните судови го намалиле заостатокот за **13.230** предмети.

Од ваквиот компаративен преглед, произлегува дека во 2018 година скоро сите судови го совладале приливот, а решавале и од заостатокот на предмети, освен следните судови:

Вишиот управен суд кој не успеал да го совлада приливот на нови предмети, со што го зголемил заостатокот за 128 предмети.

Апелациониот суд Скопје го зголемил заостатокот за 514 предмети.

Основен суд Охрид за 889 предмети,
Основен суд Крива Паланка за 386 предмети,
Основен суд Кочани за 360 предмети
Основен суд Берово за 89 предмети,
Основен суд Дебар за 18 предмети,
Основен суд Делчево за 15 предмети и
Основен суд Струга за 7 предмети.

| ***ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУДОВИ ВО Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Р.бр.*** | ***Суд*** | ***Нерешени*** | ***новопримени*** | ***повторно во работа*** | ***погрешно заведени*** | ***вкупно во работа*** | ***Решени предмети*** | ***нерешени предмети*** | ***не/совладан прилив*** |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7((3+4+5)-6) | 8 | 9(7-8) | 10(8-4) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | АС Битола | 784 | 5.628 | 39 | | 6.451 | 5.921 | 530 | 293 |
| 2. | АС Гостивар | 589 | 5.315 | | | 5.904 | 5.390 | 514 | 75 |
| 3. | АС Скопје | 7.789 | 14.643 | 103 | 10 | 22.525 | 14.129 | 8.396 | -514 |
| 4. | АС Штип | 309 | 3.251 | | | 3.560 | 3.401 | 159 | 150 |
| | **Вкупно предмети апелациони судови** | 9.471 | 28.837 | 142 | 10 | 38.440 | 28.841 | 9.599 | 4 |
| 1. | ОС Скопје I Скопје | 23.720 | 86.527 | 1.149 | | 111.396 | 93.901 | 17.495 | 7.374 |
| 2. | ОС Скопје II Скопје | 13.020 | 42.112 | 1.636 | 76 | 56.692 | 44.576 | 12.116 | 2.464 |
| 3. | ОС Велес | 2.112 | 14.763 | 235 | 13 | 17.097 | 15.002 | 2.095 | 239 |
| 4. | ОС Гевгелија | 896 | 8.649 | 94 | | 9.639 | 8.925 | 714 | 276 |
| 5. | ОС Кавадарци | 1.116 | 9.000 | 74 | 3 | 10.187 | 9.125 | 1.062 | 125 |
| 6. | ОС Кратово | 160 | 1.747 | 21 | | 1.928 | 1.770 | 158 | 23 |
| 7. | ОС Крива Паланка | 659 | 5.040 | 94 | | 5.793 | 4.654 | 1.139 | -386 |
| 8. | ОС Куманово | 4.788 | 32.909 | 550 | 21 | 38.226 | 33.643 | 4.583 | 734 |
| 9. | ОС Неготино | 1.371 | 4.762 | 35 | 5 | 6.163 | 4.840 | 1.323 | 78 |
| 10. | ОС Гостивар | 5.614 | 34.374 | 463 | 30 | 40.421 | 34.993 | 5.428 | 619 |
| 11. | ОС Дебар | 255 | 8.682 | 35 | | 8.972 | 8.664 | 308 | -18 |
| 12. | ОС Кичево | 823 | 5.536 | 312 | | 6.671 | 5.929 | 742 | 393 |
| 13. | ОС Тетово | 4.267 | 19.429 | 572 | 11 | 24.257 | 20.631 | 3.626 | 1.202 |
| 14. | ОС Битола | 3.173 | 21.963 | 447 | 15 | 25.568 | 22.544 | 3.024 | 581 |
| 15. | ОС Крушево | 163 | 1.643 | 61 | | 1.867 | 1.660 | 207 | 17 |
| 16. | ОС Охрид | 3.242 | 15.895 | | 6 | 19.131 | 15.006 | 4.125 | -889 |
| 17. | ОС Прилеп | 2.811 | 17.640 | 316 | 5 | 20.762 | 17.899 | 2.863 | 259 |
| 18. | ОС Ресен | 485 | 3.180 | | | 3.665 | 3.238 | 427 | 58 |
| 19. | ОС Струга | 1874 | 14.901 | 240 | 2 | 17.013 | 14.894 | 2.119 | -7 |
| 20. | ОС Берово | 621 | 3.526 | 48 | 2 | 4.193 | 3.437 | 756 | -89 |
| 21. | ОС Виница | 391 | 3.609 | 38 | | 4.038 | 3.697 | 341 | 88 |
| 22. | ОС Делчево | 611 | 4.007 | 49 | 1 | 4.666 | 3.992 | 674 | -15 |
| 23. | ОС Кочани | 1.442 | 9.575 | 122 | 2 | 11.137 | 9.215 | 1.922 | -360 |
| 24. | ОС Радовиш | 369 | 7.079 | 70 | 2 | 7.516 | 7.154 | 362 | 75 |
| 25. | ОС Св. Николе | 386 | 4.594 | 24 | 3 | 5.001 | 4.604 | 397 | 10 |
| 26. | ОС Струмица | 2.174 | 20.308 | 267 | 5 | 22.744 | 20.398 | 2.346 | 90 |
| 27. | ОС Штип | 2.711 | 15.751 | 204 | 7 | 18.659 | 16.040 | 2.619 | 289 |
| | **Вкупно предмети основни судови** | 79.254 | 417.201 | 7.156 | 209 | 503.402 | 430.431 | 72.971 | 13.230 |
| | суд | Нерешени | новопримени | повторно во работа | погрешно заведени | вкупно во работа | Решени предмети | нерешени предмети | не/совладан прилив |
| 1. | Виш Управен суд | 750 | 3.622 | | 2 | 4.370 | 3.494 | 876 | -128 |
| 2. | Управен суд | 7.579 | 7.398 | 325 | 25 | 15.277 | 9.157 | 6.120 | 1.759 |
| | *Вкупно:* | *97.054* | *457.058* | *7.623* | *246* | *561.489* | *471.923* | *89.566* | *14.865* |

## ***ВИШ УПРАВЕН СУД***

### 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

На почетокот на извештајниот период за 2018 година, во Вишиот управен суд останале нерешени 750 предмети, новопримени се 3622 предмети, погрешно заведени 2 или вкупно во работа биле 4.370 предмети, од кои се решени 3494 предмети, а останале

нерешени 876 предмети. Во однос на претходната 2017 година помал е бројот на новопримени предмети за 496.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на суд изнесува 332,76 предмети.

Во текот на 2018 година 603 предмети се административно вратени во Управниот суд, а од нив само 497 се вратени во Вишиот управен суд.

**2.СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа новопримени се 1.420 предмети.

Од примените предмети во Судската управа во уписникот „Су“ се евидентирани 1.119 предмети и сите се решени, „Су.Стр.Дов“ 1 предмет и истиот е решен, „УПП 277 предмети и сите се решени и „СПИ“ 23 предмети и сите се решени.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ**

Работата по предметите во овој суд се одвива во три оддели и во рамки на три специјализирани судски совети и тоа:

**3.1. Оддел за имотно–правна област и други права,**

Од претходната година 2017 останале нерешени 487 предмети од имотно - правна област и други права, новопримени се 1.250, погрешно заведен 1 или вкупно во работа биле 1.737 предмети, вкупно се решени 1.363 предмети, а останале нерешени 373 предмети. Споредбено со 2017 година новопримени се помалку 489 предмети. Просекот на решени предмети месечно на ниво на совет изнесува 129,80 предмети.

**3.2.Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права,**

Во овој оддел од претходната 2017 година останале нерешени 127 предмети, новопримени се 919 или вкупно во работа биле 1.046 предмети, од кои се решени 1.021 предмети, останале нерешени 25 предмети. Споредбено со 2017 година новопримени се помалку 361 предмети. Просекот на решени предмети месечно на ниво на совет изнесува 97,23 предмети.

**3.3.Оддел за финансиски, царински,даночни и други права**

Во овој оддел од претходната 2017 година останале нерешени 136 предмети, новопримени се 1.453, , погрешно заведен 1 или вкупно во работа биле 1.589 предмети, од кои се решени 1.110 предмети, останале нерешени 478 предмети. Споредбено со 2017 година новопримени се повеќе 354 предмети. Просекот на решени предмети месечно на ниво на совет изнесува 105,71 предмети.

**4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во Вишиот управен суд нема стари предмети кои останале нерешени заклучно со 31.12.2018 година.

**5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во 2018 година во Вишиот управен суд има Претстседател на судот и 13 судии, од кои на еден судија судиската функција му е во мирување, бидејќи е избран за член на Судскот совет на Република Македонија, а еден судија е избран во месец ноември 2018 година.

Според Правилникот за систематизација на работните места, во Вишиот управен суд бројот на предвидени извршители е 53, а пополнет е со 12 извршители. Во овој суд има еден судски советник кој ги врши работните задачи од обласа на Судски администратор, двајца службеници работат со 12 судии, а судиите немаат судски соработници. Според изготвен

Годишен план за вработување за 2018 година од овој суд е побарано пополнување не неопходни работни места и тоа В-3 судски соработници тројца извршители и еден возач, но не се обезбедени парични средства за нови вработувања.

**6.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Од своето основање Вишиот управен суд активностите од законската надлежност ги остварува во објектот во вкупна површина од 484 м2, кој располага со 17 работни простории

и 3 мали помошни простории кои служат за чување на канцелариски материјал фотокопир и слично. Во една просторија се сместени по двајца судии, а со сите 12 судии работат двајца службеници. Исто така двајца службенцци ги вршат дактилографските работи за сите судии и Претседателот на судот. Судиите немаат судски соработници.

**7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во текот на извештајниот период Вишиот управен суд не го совладал приливот, односно го зглемил заостатокот за 128 предмети и се смета за неажурен суд.

Судиите немааат судски соработници. Просторните услови за работа не ги задоволуваат потребите на судиите ако се има во предвид дека во една просторија се сместени по двајца судии.

- Итно кадровско екипирање на судот со судски советнци и соработници;
- Обезбедување соодветни просторни услови за работа на Вишиот управен суд
- Судот почесто мериторно да ги решава управните работи
- Континуирана едукација на судиите и остантите вработените во судот;
- Воспоставување електронска интерконекцијата на органите со Управниот суд и Вишиот управен суд.

***<u>УПРАВЕН СУД</u>***

**1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

На почетокот на извештајниот период за 2018 година, во Управниот суд останале нерешени 7.579 предмети, новопримени се 7.398 предмети, повторно заведени 325 предмети или вкупно во работа биле 15.277 предмети, од кои се решени 9.157 предмети, а останале нерешени 6.120 предмети. Во однос на претходната 2017 година помал е бројот на новопримени предмети за 774.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на суд изнесува 872 предмети.

Во извештајниот период по жалба биле решени 3.708 предмети од кои потврдени 2485 или 67%, преиначени 555 или 15,0 %, укинати 248 или 6,7 %, делумно укинати 5 или 0,13% и отфрлени 401 или 10,80 %.

**2.СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа од претходната година останале нерешени 25 предмети, новопримени и повторно заведени 2988 или вкупно во работа биле 3.013 од кои се решени 2.947, а останале нерешени 66 предмети.

Од примените предмети во Судската управа во уписникот „Су“ се евидентирани 1.912 предмети како новопримени, а заедно со нерешените 7 предмети од претходниот период вкупно 1919, од кои се решени 1904 предмети, а останале нерешени 15 предмети, во уписникот „Су-Дов“ се евентирани 12 предмети и истите се решени. Во уписникот “СПИ“ евидентирани се 44 предмети, решение се 28 предмети а останале нерешени 16 предмети, во уписникот “УПП“ се евидентирани 1.020 како новопримени предмети, а заедно со нерешените 18 предмети од претходниот период вкупно 1.038 , од кои се решени 1.003, а останале нерешени 35 предмети.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА**

Работата по предметите во овој суд се одвива во четири специјализирани оддели и тоа:

**3.1.Оддел за имотно–правна област и други права, урбанизам, градежништво и други права**

Во овој оддел функционираат два совета, од кои едниот совет е надлежен за предметите од имотно–правна област и други права, а другиот совет за предметите од урбанизам, градежништво и други права.

Од претходната 2017 година останале нерешени 1.219 предмети од имотно - правна област и други права, новопримени се 848, повторно заведени 31, погрешно заведени 6 или вкупно во работа биле 2092 предмети, вкупно се решени 1.524 предмети, а останале нерешени 568 предмети. Споредбено со 2017 година новопримени се помалку 412 предмети. Просекот на решени предмети месечно на ниво на совет изнесува 145 предмети.

Од областа на урбанизмот, градежништво и други права, останале нерешени 474 предмети, новопримени се 954 предмети, повторно заведени 31, погрешно заведени 2 или вкупно во работа биле 1.457 предмети., вкупно се решени 1.039 предмети, останале нерешени 418 предмети. Споредбено со 2017 година новопримени се повеќе 22 предмети.Просекот на решени предмети месечно на ниво на совет изнесува 99 предмети.

Просек на решени предмети месечно на ниво на оддел е 244 предмети.

Во овој оддел од 408 обжалени предмети од имотно правна област и други права од Вишиот управен суд се потврдени 271 или 68,87 %, преиначени 45 или 11.03 %, укинати 29 или 7,1%, а отфрлени 53 или 13 %. Што се однесува до предметите од урбанизам, градежништво и други права од 717 обжалени предмети потврдени се 519 или 72,38 %, преиначени 91 или 12,69 %, укинати 30 или 4,2 %, отфрлени 76 или 10,59 %.

**3.2.Оддел за денационализација и други права**

Во овој оддел од претходната 2017 година останале нерешени 1.019 предмети, новопримени се 1.160, повторно заведени 57, погрешно заведени 2 или вкупно во работа биле 2.234 предмети, од кои се решени 1.053 предмети, останале нерешени 1.181 предмети. Споредбено со 2017 година новопримени се повеќе 171 предмет. Просекот на решени предмети месе чно на ниво на совет изесува 100,28 предмети.

Во овој оддел од 503 обжалени предмети од Вишиот управен суд потврдени се 302 или 60,04 %, преиначени 114 или 22,66 %, укинати 53 или 10,54 %, делумно укинат 1 или 0,2 % и отфрлени 33 или 6,56 %.

**3.3.Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царина и други права**

Во овој оддел функционираат два совета, од кои едниот совет е надлежен за предметите од пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права а другиот совет за предметите од царина и други права

Во овој оддел од претходната 2017 година останале нерешени од областа на пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права 711 предмети, новопримени се 994, повторно заведени 28, погрешно заведени 3 или вкупно во работа биле 1.730 предмети, од кои се решени 1.086 предмети, останале нерешени 644 предмети. Споредбено со 2017 година новопримени се помалку 200 предмети. Просекот на решени предмети месечно на ниво на совет изнесува 103,42 предмети.

Во овој оддел од 367 обжалени предмети од областа на пензиите и правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права Вишиот управен суд потврдени се 253 или 68,94 %, преиначени 60 или 16,35 %, укинати 19 или 5,18 %, делумно укинати 2 или 0,54 % и отфрлени 31 или 8,45 %.

Од областа на царините и други права од претходната година останале нерешени 2.020 предмети, новопримени се 919, повторно заведени 73, погрешно заведени 4 или вкупно во работа биле3.008 предмети, решени 1.748, останале нерешени 1.260 предмети. Споредбено со 2017 година новопримени се помалку 787 предмети. Просекот на решени предмети месечно на ниво на совет изнесува 166,47 предмети.

Што се однесува до предметите од областа на царините и други права, од 361 обжален предмет потврдени се 292 или 80,09 %, преиначени 41 или 11,37 %, укинати 16 или 4,43 %, делумно укинати 1 или 0,28 % и отфрлени 11 или 3,05 %.

**3.4.Оддел за јавни набавки и други права**

Во овој оддел од претходната година останале нерешени 2.136 предмети, новопримени се 2.523, повторно заведени 105, погрешно заведени 8 или вкупно во работа биле 4.756 предмети, од кои се решени 2.707 предмети, останале нерешени 2.049 предмети. Споредбено со 2017 година новопримени се помалку примени 108 предмети. Просекот на решени предмети месечно на ниво на совет изнесува 257,80 предмети.

Во овој оддел од 1.254 обжалени предмети од Вишиот управен суд потврдени се 792 или 63,16 %, преиначени 184 или 14,57 %, укинати 94 или 7,5 %, делумно укинат 1 или 0,08 % и отфрлени 177 или 14,11 %.

**4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

На почетокот од извештајниот период останале 93 стари предмети. Во текот на годината статус на стари предмети добиле 389 предмети или вкупно 482 од кои се решени 357 предмети, а на крајот од 2018 година останале нерешени 125 предмети или споредбено со 2017 година остатокот на стари нерешени предмети е зголемен за 32 предмети.

**5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во 2018 година Управниот суд бил составен од Претседателот на судот и 28 судии. На двајца судии им мирува судиската функција и тоа не еден судија поради избор за Претседател на Вишиот управен суд 2015 година, а на другиот судија поради избор за член на Судскот совет на Република Македонија во 2013. Во текот на втората половина од 2018 година со одлуки на Судскиот совет на РМ од 30.10.2018 година избрани се двајца судии на Управниот суд.

Според Правилникот за систематизација на работните места, во Управниот суд се предвидени 149 работни места од кои 68 се пополнети во рамките на судската служба, вклучувајќи ги и судските службеници вработени на определено време, а останале 76 непополнети. Бројот на вработени во судската служба е зголемен за 11 споредбено со 2017 година, но сеуште не е доволен за совладување на обемот на работата.

**6.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Во извештајниот период Управниот суд своите активности од законски определениот делокруг ги остварува во објектот што го користи од негово основање во 2007 година. Поради неадекватни просторни услови за нормално и ефикасно функционирање на судот, со Одлука на Владата на Република Македонија од 25.09.2018 година дадени му се на трајно користење без надомест објекти на ул. Даме Груев број 28 во Скопје, и во тек е постапка за внатрешна адаптација, реновирање и реконструкција на новиот објект.

**7.ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во текот на извештајниот период Управниот суд го совладал приливот на предмети за 1.759 , односно го намалил заостатокот за 541 предмет и се смета како ажурен суд.

- Зајакнување на човечките ресурси со кадровско екипирање на судот;
- Континуирана едукација на судиите и вработените во судот;
- Судот почесто мериторно да ги решава управните работи со што би се обезбедило постапување во разумен рок во управно – судската постапка;
- Да се намали бројот на стари нерешени предмети, ;
- Да се воспостави електронска интерконекцијата на органите на управата со Управниот суд и Вишиот управен суд.

***<u>АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ</u>***

**1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во извештајната 2018 година Апелациониот суд Скопје имал во работа 22.525 предмети, од кои 7.789 предмети кои како незавршени се пренесени од претходната година (од кои 3 се погрешно заведени), 14643 новопримени предмети (од кои 7 се погрешно заведени) и 103 предмети повторно во работа.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 14.129 предмети и тоа 14.022 од новопримените предмети и 107 од предметите повторно земени во работа, што е за 982 предмети помалку во однос на претходната година.

Заклучно со 31.12.2018 година останале 8.396 незавршени предмети, што претставува зголемување на заостатокот незавршени предмети за 607 предмети во однос на претходната година.

**2.СУДСКА УПРАВА**

Во текот на 2018 година судот имал во работа вкупно 2.979 предмети, од кои се решени во извештајната година 2.958 предмети, а останале нерешени 21 предмети.

**3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА**

**Кривичен оддел**

Кривични предмети, кривични предмети од организиран криминал и кривични предмети- деца

Во кривичниот оддел во извештајната година, вкупно во работа имало 1.336 кривични предмети (КЖ) од кои 233 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 1.091 предмети се новопримени и 12 предмети повторно во работа, при што судот вкупно решил 1.087 предмети, што значи дека приливот не е совладан, а на крајот на годината останале нерешени 249 предмети кои се пренесуваат за наредната година. Приливот на новопримени предмети е помал за 35 предмети во однос на претходната година, кога се примени 1.138 предмети. Бројот на решени кривични предмети е намален за 13 предмети. Во однос на претходната година кога останале нерешени 233 предмети, во извештајната година бројот на нерешени кривични предмети е зголемен за 16 предмети, односно останати се како нерешени 249 предмети. Во рамките на кривичен оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети од организиран криминал(КОКЖ), во кој во работа имало вкупно 65 предмети, од кои 54 предмети се примени во извештајната година, 2 предмета се повторно во работа, а 9 предмети се пренесени како нерешени од претходниот период. Од предметите во работа завршени се 44 предмети, што значи дека не го совладал приливот, а како нерешени останале 21 предмет. Исто така, во рамките на кривичен оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривични предмети - деца. Во извештајниот период вкупно во работа имало 32 предмети, од кои 29 предмети се новопримени предмети, 3 предмети се пренесени како нерешени од претходниот период, при тоа до крајот на извештајниот период решени се 30 предмети, а останале нерешени 2 предмети.

Во рамките на овој оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по прекршочните предмети (ПРКЖ). Во текот на 2018 година во работа имало вкупно 4.049 предмети, од кои 2.072 предмети се пренесени од претходната година, 1.977 се новопримени предмети. Судот решил 1.717 предмети, односно не го совладал приливот, а на крајот на годината 2.332 предмети останале нерешени и оваа бројка е пренесена за наредната година.

**Квалитет на работење во кривичниот оддел**

Во извештајната година предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства биле 139 одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 3,61% од вкупниот број 3.856 донесени одлуки во извештајната година. Од тие одлуки, 126 биле потврдени, (што претставува 90,65% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек односно 3,27% од вкупно решени предмети), 10 одлуки биле укинати, (што претставува 7,19% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек односно 0,26% од вкупно решените предмети) и 3 одлуки се преиначени (2,16% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек односно 0,08% од вкупно решените предмети).

**Граѓански оддел**

Граѓански предмети

Во текот на 2018 година судот имал во работа вкупно 8.418 граѓански предмети од кои 2.564 предмети (од нив 1 е погрешно заведен) се пренесени како нерешени од претходната година, 5.823 предмети (од кои 3 се погрешно заведени) се новопримени и 35 предмети повторно во работа, при што судот вкупно решил 6.014 предмети, односно го совладал приливот, а на крајот на годината останале нерешени 2.404 предмети, кои се пренесуваат за наредната година.

**Работни спорови**

Во текот на 2018 година одделот имал вкупно во работа 3.047 предмет, од кои 1.150 предмети (од кои еден е погрешно заведен) биле пренесени од претходната година, 1.879 предмети (од кои два се погрешно заведени) се новопримени и 21 предмет повторно во работа, при што судот решил вкупно 1.945 предмети, односно го совладал приливот, а на крајот на годината останале нерешени 1.102 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

**Квалитет на работење во граѓанскиот оддел**

Предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства биле 413 одлуки на Апелациониот суд, што претставува 5,18% од

вкупниот број 7.970 донесени одлуки во извештајната година, од кои 320 биле потврдени,(што претставува 77,48% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 4,02% од вкупно решените предмети), 54 одлуки биле укинати, (што претставува 13,08% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,68% од вкупно решени предмети) и 39 одлуки биле преиначени(што претставува 9,44% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,49% од вкупно решените предмети).

**ОДДЕЛ ЗА ТРГОВСКИ СПОРОВИ**

Одделот во текот на извештајната 2018 година, во работа имал вкупно 4.520 предмети, од кои 1.744 предмет (од кои еден е погрешно заведен) биле пренесени како нерешени од претходната година, 2.746 предмети (од кои еден е погрешно заведен) се новопримени и 32 предмети повторно во работа , при што судот решил 2.303 предмети и не го совладал приливот, а на крајот на годината останале 2.217 нерешени предмети кои се пренесуваат за наредната година.

**Квалитет на работење во одделот за трговски спорови**

Предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства биле 245 одлуки на Апелациониот суд, што претставува 10,64% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година, од кои 175 биле потврдени,(што претставува 71,43% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 7,60% од вкупно решените предмети), 48 одлуки биле укинати, (што претставува 19,59% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2,08% од вкупно решени предмети) и 22 одлуки биле преиначени,(што претставува 8,98% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,96% од вкупно решените предмети).

**4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во текот на 2018 година, судот имал вкупно во работа 10.171 стари предмети, од кои 3.375 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а за 6.796 предмети во текот на извештајната година поминал периодот од 6 месеци од прием на предметите во судот. Вкупно биле решени 6.076 стари предмети, а останале 4.095 нерешени стари предмети.

**5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во текот на извештајната година, четири судии престанале со вршење на судиската функција поради навршени 64 години старост и имајќи ги предвид дека е избран само еден нов носител на судиска функција, на двајцата судиите им мирувал работниот однос поради извршување на функција членови на Судски совет на Република Северна Македонија, а избран е само еден нов носител на судиска функција, судиската функција фактички ја извршувале 39 судии, во кои е вклучен и Претседателот на судот, односно со 13 судии помалку од предвидените со актот за систематизација и одлуката бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година на Судскиот совет .

Согласно актот за систематизацијата на Апелациониот суд Скопје, предвидено е вкупно 61 место за стручни судски службеници (виш судски советник, судски советник, виш судски соработник, судски соработник и помлад судски соработник), од кои пополнети се 33 работни места, а непополнети се 28 работни места.

Заклучно со 31.12.2018 година, во администацијата, вработени се 45 лица, при што значителни потешкотии во функционирањето на судот предизвикува непополнетоста на работните места на судски референти-дактилографи, каде од предвидените 37 работни места, пополнети се 16. Судот ја започнал извештајната година со вкупно 113 вработени, а ја завршил со 104 вработени, при што согласно систематизацијата на судство која се предвидени 191 вработен, вкупно се непополнети 87 работни места .

**6.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Апелациониот суд Скопје својата дејност ја извршува во сопствена зграда, со тоа што и во извештајната година како и подолг период station наназад, просторните капацитети не задоволуваат за вршење на работите од својата надлежност , со оглед што во истата зграда функционираат и други институции кои заземаат голем дел од просторот.

**7.ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во извештајната 2018 година Апелациониот суд Скопје имал во работа 22.525 предмети, која бројка ја сочинуваат:

- 7.789 предмети пренесени како незавршени од претходната година (од кои 3 се погрешно заведени),
- 14.643 новопримени предмети (од кои 7 се погрешно заведени) и
- 103 предмети повторно во работа.

Во текот на извештајната 2018 година, од вкупниот број предмети во работа, судот решил 14.129 предмети и тоа 14.022 новопримени предмети и 107 од предметите повторно земени во работа, што значи дека не го совладал приливот, па судот не се смета за ажурен суд .

Во текот на извештајната година, поаѓајќи од бројот на решени предмети и просечниот број на судии кои постапувале по истите, 39 судии, во кои е вклучен и Претседателот на судот, произлегува дека судиската функција ја извршувале со засилен ангажман, преку надминување на ориентационата норма.

Заради негово поефикасно и поажурно работење, за подобрување на состојбата со стари предмети, а особено за постапување по предметите во разумен рок, неопходно е пополнување на бројот на носители на судиската функција согласно Одлуката на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година, со која е утврдено судиската функција да ја вршат Претседателот на судот и 51 судија . Воедно, потребно е судот да се доекипира со непополнетиот стручен судски кадар, со оглед да во извештајната година судот работи со малку над 50 проценти од стручните судски службеници предвидени со систематизацијата на Апелациониот суд Скопје, како и пополнување на испразнетите работни места на судските референти-дактилографи.

***<u>ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ</u>***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Судот ја започнал годината со 23720 предмети.Во работа примил 86527 нови предмети и со 1149 предмети повторно земени во работа вкупно во работа имал 111396 предмети.Од тие решил 93901 предмети и нарешени останале 17495 предмети. Приливот на предмети е совладан и заостатокот намален за 6237 предмети или за 26 % во однос на заостатокот од 2017 година.

**2. СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 2935 предмети,решени се 2868 предмети а постапката е незавршена по 67 предмети.

Во извештајната година судот немал вработено судски администратор и обврските кои согласно Законот за судска служба се во негова надлежност ги извршувало лице определено од претседателот на судот.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА**

Состојбата со предметното работење е следната:

**А) Специјализирано одделение за организиран криминал и корупција**

Предмети за судење-Од претходна година имало заостаток од 115 предмети.Примени со нови 86 предмети и со 22 предмети повторно земени во работа вкупно имало 222 предмет. Од тоа решени се 96 предмети и незавршени останале 126 предмети.

Оценка на обвинителен акт-Од претходна година имало заостаток од 6 предмети.Примени со нови 52 предмети и со 1 предмет повторно земен во работа вкупно имало 59 предмет. Од тоа решени се 49 предмети и незавршени останале 10 предмети.

Кај овој вид предмети квалитетот е следниот: Од решените 96 предмети обжалени се 28 предмети. Од обжалените предмети 12 предмети ,или 12,50 % ,се потврдени,8 предмети,или 8,33 %, се укинати и 8 предмети,или 8,33 %, се преиначени.Процентите се добиени во соодност со бројот на решените предмети.

**Б) Кривично полнолетни**

Предмети за судење-Од претходна година имало заостаток од 1471 предмети.Примени со нови 1932 предмети и со 288 предмети земени повторно во работа

вкупно имало 3961 предмет. Од тоа решени се 2306 предмети и незавршени останале 1385 предмети.

Оценка на обвинителен акт-Од претходна година имало заостаток од 22 предмети.Примени со нови 187 предмети и во работа вкупно имало 209 предмет. Од тоа решени се 190 предмети и незавршени останале 19 предмети.

Кај овој вид предмети квалитетот е следниот: Од решените 2306 предмети обжалени се 457 предмети. Од обжалените предмети 277 предмети ,или 12,01 % ,се потврдени,103 предмети,или 4,46 %, се укинати и 77 предмети,или 3,33 %, се преиначени.Процентите се добиени во соднос со бројот на решените предмети.

**В) Кривичен совет-полнолетни**

Од претходна година имало заостаток од 681 предмети.Примени со нови 4557 предмети и со 413 предмети повторно земени во работа вкупно имало 5648 предмет. Од тоа решени се 4849 предмети и незавршени останале 799 предмети.

Кај овој вид предмети квалитетот е следниот: Од решените 4849 предмети обжалени се 142 предмети. Од обжалените предмети 115 предмети ,или 2,37 % ,се потврдени,15 предмети,или 0,30 %, се укинати и 12 предмети,или 0,30 %, се преиначени.Процентите се добиени во соднос со бројот на решените предмети.

**Г) Кривичен совет-Организиран криминал и корупција**

Од претходна година имало заостаток од 59 предмети.Примени со нови 2185 предмети и со 102 предмети повторно земени во работа и 4 погрешно заведени во работа вкупно имало 2342 предмет. Од тоа решени се 2276 предмети и незавршени останале 66 предмети.

Од решените 2276 предмети обжалени биле 336 предмети од кои 293 предмети,или 12,87% се потврдени,8 предмети или 0,35% се укинати и 35 предмети или 1,53% се преиначени.

**Д) Кривични малолетници**

Од претходна година имало заостаток од 82 предмети.Примени со нови 151 предмети и вкупно имало 233 предмет. Од тоа решени се 158 предмети и незавршени останале 75 предмети. (Во овие податоци постои неусогласеност со извештајот за работата на судот во 2017 година според кој извештајната 2018 година требало да се одпочне се незаршени 166 предмети колку што се наведени како назавршени на краот на 2017 год.,а не со 88 предмети како што е наведено во извештајот за 2018 год.. Во однос на ова нема објаснување во самиот извештај.)

Кај овој вид предмети квалитетот е следниот: Од решените 158 предмети обжалени се 9 предмети. Од обжалените предмети 8 предмети се потврдени и 1 предмет е преиначен.

**Ѓ) Прекршоци**

Од претходна година имало заостаток од 12323 предмети.Примени со нови 10396 предмети и со 317 предмети повторно земени во работа и 3 погршно заведени вкупно имало 23033 предмет. Од тоа решени се 12558 предмети и незавршени останале 10475 предмети.

Кај овој вид предмети квалитетот е следниот: Од решените 12558 предмети обжалени се 997 предмети. Од обжалените предмети 709 предмети ,или 5,64 % ,се потврдени,223 предмети,или 1,77 %, се укинати и 65 предмети,или 0,51 %, се преиначени.Процентите се добиени во соднос со бројот на решените предмети.

**Е) Истрага и претходна постапка**

Од претходната година незавршени биле 33 предмети.Новопримени се 1423 предмети и со 1 предмет земен повторно во работа,вкупно во работа биле 1457 предмети.Решени се 1432 предмети,а незавршени останале 25 предмети.

**Ж) Извршување на санкции**

Од претходната година незавршени останале 7500 предмети. Примени се нови 20472 предмети и вкупно во работа биле 27972 предмети. Решени се 24221 предмети и незавршени останале 3751 предмети.

## 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во 2018 год. вкупно стари предмети биле во работа 6655 предмети. Од тие предмети решени се 4140,а незавршени останале 2515 предмети

## 5. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ

Судот ја завршил извештајната година со 52 судии. На двајца судии од предвидените со систематизација им мирува судската функција,еден е упатен во друг суд,а двајца од судиите се суспендирани поради водење на кривична постапка.

Во судот вкупно работат 303 судски службеници. Дел од вработените се на одредено време.

Недостасува Судски администратор што ја отежнува работата на претседателот на судот и раководител на судска писарница,што исто така влијае на работата на Претседателот на судот.

**6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Просторните капацитети со вселувањето во новата судска зграда задоволуваат.

Информатичката опрема се подновува,набавена е нова и таа е инсталирана во новата зграда, но тоа е состојба која сегокаш треба да се подобрува.

**7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

За работата на судот може да се заклучи следното:

Од аспект на предметното работење судот покажал ажурност и истиот треба да се смета за ажурен суд.

Квалитетот во работата е висок и се одликува и со висок процент на необжалени одлуки.

Просторните услови и состојбата со информатичка и безбедносна опрема задоволува.

Во периодот што следи треба кадровски да се зајакне судот со судска администрација и да се назначи судски администратор(што е законска обврска) и управител на судска писарница.

Потребно е да се продолжи со ажурно и квалитетно работење.

***<u>ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ</u>***

**1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

● Од претходната 2017 година, во Основен суд Скопје 2 останале нершени 13020 предмети.

● Во текот на 2018 година, во Основен суд Скопје 2 се оформени и примени во работа 42112 нови предмети, предмети повторно во работа 1636, а погрешно заведени 76 предмети.

● Во текот на 2018 година, во работа биле вкупно 56692 предмети.

● Во текот на 2018 година, вкупно се решени 44576 предмети.

● Во текот на 2018 година, вкупниот број на нерешени предмети е 12116.

● Во текот на 2018 година, Основниот суд Скопје 2, успеал да го совладал приливот, а заостатокот е е намален за 904 предмети.

**2. СУДСКА УПРАВА**

● Од претходната 2017 година, во Основен суд Скопје 2 останале нершени 25 предмети.

● Во текот на 2018 година, во Основен суд Скопје 2 се оформени и примени во работа 4087 нови предмети**.**

● Во текот на 2018 година, во работа биле вкупно 4112 предмети, од кои 4095 се решени а нерешени останале 17 предмети.

**- Квалитетот во рабата на ниво на судот**

Од обжалените предмети и кои се вратени во текот на извештајната година, од 6479 предмети: Потврдени се 4980 односно 78,12% , преиначени се 342, односно 5,33% , Укинати се 1019 односно 16,%, делумно укинати 138, односно 2,3%.

**3. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во текот на извештајната година во судот вкупно во рабата имале 4442 предмети со статус стари предмети, од кој 2094 од пртходната година што останале не решени, а 2348 се примени во текот на 2018 година, а решени се 2378 предмети останале нерешени 2064 предмети.

И со старите предмети е совладан приливот и е намален остатокот на стари предмети.

**4. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во текот на 2018 година судот своите законски надлежнсти ги извршувал со помал број на судии од утврдените според систематизација, со која се предвидени 77 судиски места а во извештајната година имало 68 судии заедно со претседателот од кој три судии биле упатени со одлуки на Судскиот совет на Република Македонија од други основни судови во Основниот суд Скопје 2 .

**5. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Основниот суд нема просторни можности за преземање на нотарската архива, исто така има потреба за ИТ опрема компјутери и монитори.

**6. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

**Основниот суд Скопје 2 Скопје** во текот на 2018 година успеал да го совладува приливот на предметите и е намален заостатокот на предметите за 904 предмети и е **ажурен суд** како мерки кои ги предлагам за надминување на слабостите се: Избор на судии вработување на судскии службеници, изнаоѓање на простор за архивата.

## ***<u>ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС</u>***

**1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

● Од претходната 2017 година, во Основен суд Велес останале незавршени вкупно 2112 предмети.

● Во текот на 2018 година, во Основен суд Велес се оформени и примени во работа 14763 нови предмети.

● Во текот на 2018 година, повторно во работа биле 235 предмети

● Во текот на 2018 година, погрешно заведени имало 13 предмети.

● Во текот на 2018 година, во работа биле вкупно 17097 предмети.

● Во текот на 2018 година, вкупно се решени 15002 предмети.

● Во текот на 2018 година, вкупниот број на нерешени предмети е 2095.

● Во текот на 2018 година, судот успеал да го совлада приливот и да го намали заостатокот за 17 предмети.

**2. СУДСКА УПРАВА**

- Нерешени предмети од претходната година се 3 предмети.
- Вкупниот број на новопримени предмети во текот на 2018 година е 1191.
- Вкупниот број на предмети во работа во 2018 година, е 1194.
- Вкупниот број на решени предмети во 2018 година е 1192.
- Нерешени на крајот на 2018 останале 2 предмет.

**-Квалитетот на Кривичниот оддел**

Од решените предмети 2574, се потврдени 225, односно 8.7%, укинати 67 односно 2.6 % и преиначени 33, односно 1.3% .

**-Квалитетот на граѓанскиот оддел**

Од решените предмети 1951 во текот на извештајната година, потврдени се 403, односно 20.7%, укинати 81, односно 4.2%, преиначени 28 односно 1,4% .

Во извештајот за работа на овој суд квалитетот на предметите во кривичниот и граѓанскиот оддел е пресметан на вкупно решените предмети (вклучувајќи ги и предметите повторно во работа) и тоа на потврдени, укинати и преиначени одлуки. Во решените предмети не се сметаат предметите по кои не е дозволен правен лек.

**3. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во Основниот суд Велес, состојбата со старите предмети е следна: вкупно стари предмети имало 124, примени биле 236, вкупно во работа биле 360 од кои решени биле 223, останале нерешени 137 предмети.

**4. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ** за условите за работа, во врска со човечките ресурси, опременост на судот, просторни капацитети .

-Во врска со човечките ресурси согласно со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, предвидени се вкупно 116, а заклучно со 31.12.2018 година, пополнети се 55 работни места.

**5. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Велес во текот на 2018 година, успеал да го совлада приливот на предмети како и да го намали заостатокот на нерешени предмети, со што истиот се смета за ажурен суд. Како предлог мерки се предложија:

- Да се пополнат сите испразнети места од стручните кадри и административно-техничкиот персонал согласно систематизацијата на работни места.
- Да се интензивира соработката со Апелациониот суд Скопје и
- Следење и остварување на планот за решавање на старите нерешени предмети.

## ***<u>ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА</u>***

**1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2018 година во Основниот суд Гевгелија, вкупно во работа имало 9.639 предмети по сите основи, од кои: 896 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, новопримени се 8.649 предмет, повторно во работа се 94 предмети, решени се 8.925 предмети, а останале нерешени 714 предмети.

Во однос на претходната година, кога судот во работа имал вкупно 8.766 предмети, во извештајната 2018 година обемот на предмети во работа е зголемен за 873 предмети.

**2.СУДСКА УПРАВА**

Во текот на извештајната 2018 година, вкупно биле примени 1.181, решени биле 1.182, останале 1 нерешен предмет. Согласно законските овластувања и одредбите од Судскиот деловник, по истите постапува Претседателот на судот .

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТА**

**- Кривичен оддел**

Во текот на 2018 година во кривичниот оддел вкупно во работа имало 6.119 предмети, од кои: 563 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, новопримени се 5.514 предмети, повторно во работа се 42 предмети, решени се 5.752 предмети, а останале нерешени 367 предмети.

Во извештајната 2018 година од вкупно решени 1.144 кривични и прекршочни предмети со право на жалба, обжалени се 105 предмети или 9,18%. Од вкупниот број на решени предмети, потврдени се 60 предмети или 5,24%, укинати се 29 предмети или 2,53%, преиначени се 21 предмети или 1,84%.

**- Граѓански оддел**

Во граѓанскиот оддел во извештајната 2018 година, вкупно во работа имало 2.337 предмети, од кои: 331 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, новопримени се 1.954 предмети, повторно во работа се 52 предмети, решени се 1991 предмети, а останале нерешени 346 предмети.

Во извештајната 2018 година од вкупно решени 559 граѓански предмети со право на жалба, обжалени се 135 предмети или 24,15%. Од вкупниот број на решени предмети, потврдени се 113 предмети или 20,21%, укинати се 18 предмети или 3,22 %, преиначени се 4 предмети или 0,71%.

**4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во извештајната 2018 година вкупно во работа имало 100 стари предмети, од кои 43 предмети пренесени како нерешени од претходниот период, новопримени се 57 предмети, од вкупно 100 предмети, решени се 70 предмети, останале нерешени 30 стари предмети.

**5.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

На почетокот на извештајната 2018 година, судиската функција во Основниот суд Гевгелија, од утврдените 13 судии, ја обавуваат 11 судии.

По однос на судско - административниот персонал, на почетокот на извештајната 2018 година биле вработени 43 лица кои имат статус на судски службеник, 5 припадници на судска полиција, а од предвидените 12 работни места по ЗРО пополнетоста остана со 2 лица. Од групата на стручни судски службеници од предвидените 21, работните задачи ги извршуваат 8 Судски соработници.

**6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Во Основниот суд Гевгелија генерално гледано постојат добри услови за работа, како за судиите така и за останатите вработени во судот.

Потребна е реконструкција-санација на надворешниот и внатрешниот дел од судската зграда, реконструкција на системот на греење-само грејните тела и на електричната инсталација, санирање на таванските површини во работниот судско-административен простор во внатрешноста на судската зграда. Исто така, неопходно е инсталирање на громобран на кровот на судската зграда.

**7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Гевгелија спаѓа во редот на ажурен суд, бидејќи приливот на предметите во тековната 2018 година во целост го има совладано, така да останале нерешени 714 предмети. Квалитетот на пресудувањето е добар. Судот треба и натаму да продолжи со аржуно водење на постапките, со засилен ангажман на судиите за решавање на поголем број на предмети, како и подобрување на квалитетот на пресудувањето и постојано стручно усовршување на судиите.

## ***ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основниот суд Кавадарци во 2018 година на почетокот на годината биле евидентирани како нерешени 1.116 предмети. Во текот на 2018 година во работа биле примени 9.000 предмети. Биле евидентирани 74 предмети кои повторно се во работа и 3 погрешно заведени предмети. Во текот на годината во работа биле вкупно 10.187 предмети, од кои решени се 9.125 предмети, а останале нерешени 1.062 предмети. Во однос на претходната година, заостатокот е намален за 54 предмети.

**2. СУДСКА УПРАВА**

Во Одделот за судска управа на почетокот на годината немало нерешени предмети, во текот на 2018 година биле примени вкупно 197 предмети и сите биле решени.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА**

Во Кривичниот оддел на почетокот на годината биле евидентирани како нерешени 542 предмети. Во текот на 2018 година во работа биле примени 6.009 предмети. Биле евидентирани 33 предмети кои повторно се во работа и 3 погрешно заведени предмети. Во текот на годината во работа биле вкупно 6.581 предмет, од кои решени биле вкупно 6.131, а останале нерешени 450 предмети

Во Граѓанскиот оддел на почетокот на годината биле евидентирани како нерешени 574 предмети. Во текот на 2018 година во работа биле примени 2.794 предмети. Биле евидентирани 41 предмети кои повторно се во работа, а немало погрешно заведени предмети. Во текот на годината во работа биле вкупно 3.409 предмети, од кои решени биле вкупно 2.797 предмети, а останале нерешени 612 предмети, или 38 предмети повеќе во споредба со претходната година. Во однос на квалитетот во работата, од вкупниот број на решени предмети во Кривичниот оддел, обжалени биле 275, од кои 242 биле потврдени (8,65%), 29 биле укинати (1,04%), а 4 биле преиначени (0,14%).

**4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Основниот суд Кавадарци ја започнал 2018 година со 31 стар предмет кои се во работа кај судиите и 135 предмети кои се дадени во работа на нотарите како повереници на судот или вкупно 166 стари предмети.

Судот ја завршил годината со 43 стари предмети кои се во работа кај судиите и 153 оставински предмети кои се дадени во работа на нотарите како повереници на судот или вкупно 196 стари нерешени предмети.

**5. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во текот на извештајната работа, Основниот суд Кавадарци ги вршел работите од своја надлежност со вкупно 7 судии, распоредени во два оддела.

Во однос на судската служба, Основниот суд Кавадарци ја започнал 2018 година со 41 вработен, од кои 34 со статус на судски службеници, 1 вработен по ЗРО и 6 припадници на судската полиција. Во текот на годината на 1 судски службеник му престанал работниот однос поради исполнување на условите за старосна пензија, па на крајот на тековната година судот имал вкупно 40 вработени. На крајот на 2018 година од редот на стручните соработници било пополнето местото на раководен судски службеник – раководител на служба, така што во судот на крајот на годината работеле само 3 стручни соработници, а во тек бил избор на 1 стручен соработник и 1 помлад соработник.

Обезбедувањето на судската зграда е на задоволително нивно и не се забележани поголеми безбедносни инциденти. Во поглед на работата на судската полиција, судот се соочува со нивната недоволна обученост и неопременост, а недостасува и детектор за проверка на лицата кои влегуваат во судската зграда.

**6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Просторните услови во кои работи Основниот суд Кавадарци се задоволителни, со оглед на тоа што судот е сместен во посебна зграда во која немаат седиште други државни органи или институции. Сепак, зградата не одговара во целост на потребите на судот бидејќи не обезбедува доволен број судници.

Во текот на 2018 година биле извршени градежни работи заради вградување хидроизолација во темелите на зградата, со што во најголема мера бил решен проблемот со влагата во сутеренскиот дел од зградата.

**7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Кавадарци во 2018 година работел ажурно, со оглед на тоа што го совладал приливот за 54 предмети.

Во наредниот период потребно е во Кривичниот оддел да се подобри квалитетот на работата и да се обрне внимание на старите предмети, со оглед на тоа што има зголемување на нивнот број.

## ***ОСНОВЕН СУД КРАТОВО***

**1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основниот суд Кратово од претходната 2017 година останале незавршени вкупно 157 предмети, а новопримени во текот на 2018 година биле 1957 предмети, 31 предмет повторно биле во работа, од кои 2 предмети погрешно биле заведени, така да вкупно предмети во работа во 2017 година биле 2145. Од овој број, решени биле 1989, а останале нерешени 156 предмети.

**2. СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа од претходната година останал 1 нерешен, а новопримени биле 329 предмети, или вкупно во работа биле 330 предмети, од кои решени се 329, а останал 1 нерешен предмет.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА**

Во **граѓанскиот оддел** од претходната извештајна година, останале нерешени 95 предмети, а новопримени биле 511 предмети и 16 предмети биле повторно во работа, така да во текот на 2018 година во овој оддел во работа биле вкупно 622 предмети. Од овие предмети решени биле 524, а останале нерешени 98 предмети.

Во **кривичниот оддел** од претходната извештајна година, останале нерешени 61 предмет, новопримени биле 1117 предмет и 15 предмети биле повторно во работа, така да во текот на 2018 година во овој оддел во работа биле вкупно 1193 предмети. Од овие предмети решени биле 1136 предмети, а останале нерешени 57 предмети.

Во однос на ***квалитетот*** при одлучувањето, во Основниот суд Кратово во текот на 2018 година од вкупно 1989 решени предмети, 36 одлуки биле потврдени, односно 1,8%, укинати биле 14 одлуки или 0,70% и отфрлен 1 предмет или 0,05%.

**4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во извештајната 2018 година, Основниот суд Кратово имал во работа вкупно 38 стари предмети. Во текот на 2018 година решени се 17 предмети, а останале нерешени 21 предмети од кои 1 кривичен предмет, 1 прекршочен и 19 оставински предмети кои што се доверени на постапување кај нотар.

**5. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ за просторните капацитети, информатичката технологија и човечките ресурси.**

Основниот суд Кратово во текот на 2018 година како суд со основна надлежност судската власт ја извршувале 3 судии колку што се и утврдени судиски места за овој суд.
Според распоредот за работа на судот сите тројца судии вклучително и претседателот на судот работеле на предмети од сите материи. Претседателот на судот покрај работите кои е должен да ги изршува согласно функцијата, работел и постапувал и како судија по судските предмети.

Во 2018 година работите и задачите за кои е надлежен судот беа извршувани од вкупно 20 вработени во судската служба.

Како вработување од највиоск приоритет во судот во 2019 година се јавува вработувањето на 1 судски соработник.

**7. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА**

Основниот суд Кратово работи во сопствена судска зграда која функционално одговара за намената на овој суд . Во судот има 3-три судски сали опремени за судење во кои се одржуваат судењата.

Судот има потреба од нови: 1 сервер за Kaspersky антивирус, 3 компјутери, 3 скенери, 6 принтери, бидејќи постоечката опрема е веќе постара од 8 години и административно е амортизирана и истата работи забавено и со секојдневни проблеми.

Потребно е да се набави еден сеф (метален шкаф) за чување на цедињата од тонските записи на судските рочишта бидејќи судот има обврска истите да ги чува 5 години како и да се набават 10 касети за бекап на АКМИС системот бидејќи истите се користат веќе над 5 години, а нивната замена е предвидена за 2 години.

**8. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд во Кратово во текот на 2018 година го решил приливот и го намалил заостатокот од претходната година за 1 предмет. Може да се констатира дека е ажурен суд.

По однос на квалитетот на решени предмети на ниво на суд, се забележува дека квалитетот на решени предмети по жалба, скоро да е на исто ниво како ланската година со извесно влошување на квалитетот, од каде произлегува дека судот во наредната година треба повеќе да вложи напори за да се подобри квалитетот на одлуките.

По однос на човечките ресурси, како највисок приоритет се јавува нужната потреба за вработување на еден судски соработник.

Заради подобрување на просторните услови се предлага извршување на следните работи:

- Реконструкција на електричната инсталација која е стара над 40 години, заради отстранување на опасноста од нејзино загревање, пожар и ненадејно исклучување поради големиот број потрошувачи на електрична енергија (пред се парното греење, па потоа компјутери, печатари, сервери, климатизери и сл.);
- Замена на старите и дотраени дрвени прозорци на судот со нови пвц прозорци;
- Набавка и инсталација на еден климатизер за серверската просторија;
- Поставување на ограда на пристапната патека за лицата со посебни потреби;
- Обнова на надворешната фасада на судот;

- Обезбедување на метален безбедносен шкаф-сеф за чување на компакт дисковите од одржаните тонски рочишта по предметите во судот како и другите електронски медиуми за снимање – бекап на електронските податоци.

## ***ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА***

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

- претходната 2017 година останале незавршени 659 предмети
- текот на 2018 година се оформени и примени во работа 5.040 нови предмети, а 94 предмети се повторно во работа
- текот на 2018 година вкупно во работа биле 5.793 предмети
- текот на 2018 година вкупно се решени 4.654 предмети
- текот на 2018 година вкупниот број на нерешени предмети е 1.139.

**Основниот суд Крива Паланка во текот на 2018 година не го совладал приливот на предмети, а заостатокот го зголемил за 386 предмети.**

### 2. СУДСКА УПРАВА

- во текот на 2018 година вкупниот број на новопримени предмети е 338
- вкупниот број на предмети во работа во 2018-та година е 338
- вкупниот број на решени предмети во 2018-та година е 338, нерешни 0.

**- Кривичен оддел**

- од претходната 2017 година во Кривичниот оддел останале незавршени 63 предмети
- вкупниот број на новопримени предмети во 2018 година е 3.530 предмети
- вкупниот број на предмети во работа во текот на 2018 година е 3.621 предмет
- вкупниот број на решени предмети во текот на 2018 година во овој оддел е 3.436 предмети
- нерешени предмети до крајот на 2018 година останале 185 предмети.

**Кривичниот оддел на Основниот суд Крива Паланка не го совладал приливот на предмети, а го зголемил заостатокот за 94 предмети.**

***Квалитет на Кривичниот оддел:***

Од обжалените и решени 903 предмети, кои се вратени во текот на 2018 година, потврдени се 42 предмети или 4.6%, укинати се 15 предмети или 1.6% и преиначени се 9 предмети или 0.9%.

**- Граѓански оддел**

- од претходната 2017 година во Граѓанскиот оддел останале незавршени 596 предмети
- вкупниот број на новопримени предмети во 2018 година е 1.510 предмети
- вкупниот број на предмети во работа во текот на 2018 година е 2.172 предмет
- вкупниот број на решени предмети во текот на 2018 година во овој оддел е 1.218 предмети
- нерешени предмети до крајот на 2018 година останале 954 предмети.

**Граѓанскиот оддел на Основниот суд Крива Паланка не го совладал приливот на предмети, а го зголемил заостатокот за 292 предмети.**

***Квалитет на Граѓанскиот оддел:***

Од обжалените и решени 573 предмети, кои се вратени во текот на 2018 година, потврдени се 135 предмети или 23.5%, укинати се 32 предмети или 5.5% и преиначени се 0 предмети или 0%.

### 3. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во текот на 2018 година, во Основниот суд Крива Паланка во работа имало 317 стари предмети, од кои: 310 оставински предмети (нотари), 1 парничен предмет и 6 кривични предмети за извршување на казна.

### 4. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА

Во Основниот суд Крива Паланка има 6 судии, заедно со Претседателот на судот, со тоа што со Одлука на Судскиот совет од 01.08.2018 година еден судија е упатен времено да ја извршува функцијата во Основниот суд Скопје II Скопје. Во овој суд има 29 судски службеници, чиј број со завршување на 2018 година е намален на 24 поради пензионирање.

За 2018 година во Годишниот план за вработување биле предвидени 5 вработувања со висок приоритет за судот, но ниту едно не е реализирано поради необезбедени финансиски средства од Министерството за финансии.

**5. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд во Крива Паланка не е ажурен суд, бидејќи не го совладал приливот на предмети, а го зголемил заостатокот.

Потребно е да се пополнат приоритетните работни места и да се обнови делот од техничката опрема – хардверот, бидејќи во најголем дел опремата е веќе амортизирана. Исто така потребно е да се следи колку од незавршените предмети во судот се оставински предмети кои се наоѓаат кај нотарите, да се најде начин овие податоци да бидат воочливи, а Претседателот на судот да ја координира работата на нотарите во своето подрачје за ефикасно решавање на овој вид на предмети.

## ***<u>ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО</u>***

**1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Основниот суд Куманово 2018 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2017 година од **4.788** предмети. Во тековната 2018 година примени се нови **32.909** предмети, повторно во работа **550**, погрешно заведени **21** предмети или во работа биле вкупно **38.226** предмети, од кои биле решени **33.643**, а нерешени останале **4.583** предмети. Приливот е совладан.

**2. СУДСКА УПРАВА**

Судската управа 2018 година ја започнала со остаток од претходната 2017 година од 7 предмети. Во тековната 2018 година примени се **2505** предмети, од кои решени се **2.511,** а нерешен останал **1** предмет.

**3. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА СУД**

Од вкупно решените предмети **7.199,** потврдени се **1097** или **15,23%**. Укинати се **356** или 4**,94%**, а преиначени **128** или **1,77%**.

**4.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА**

**4.1 Кривичен оддел**

Кривичниот оддел 2018 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2017 година од **2433** предмети. Во тековната 2018 година примени се нови **20.824** предмети, предмети повторно во работа **280** предмет, погрешно заведени **3** па вкупно во работа биле **23.534** предмети, од кои биле решени **21.367**, а нерешени останале **2.167** предмети. Приливот е совладан. Од вкупно решени **4.424** предмети потврдени се **318** или **7,18 %,** укинати се **151** или **3,4 %,**, а преиначени се **59** или **1,33%**, предмети**.**

***4.2 Граѓански оддел***

Граѓанскиот оддел 2018 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2017 година од **2.355** предмети. Во тековната 2018 година примени се нови **12.086** предмети, погрешно заведен **18,** повторно во работа **269** , па вкупно во работа биле **14.692** предмети, од кои биле решени **12.276**, а нерешени останале **2.416** предмети. Приливот е совладан. Од вкупно решените **2.775** предмети, потврдени се **779** или **28,07%**, укинати **205** или **7,38%** и преиначени **69 или 2,48%**.

**5. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Судот во 2018 година имал во работа **1762** стари нерешени предмети, од кои 1109 се пренесени од претходната година, решени се **1.076,** а нерешени останале **686** предмети, од кои **282** предмети се оставински дадени кај Нотари.

**6. КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Судот 2018 година ја започнал со **158** вработени, но во текот на годината овој број е намален на **152**, од кои 24 се судии,13 судски соработници, 2 информатичари, 1 преведувач, 14 помлади судски соработници, 2 помлади преведувачи,1 помлад соработник, 11 виши судски референти, 10 самостојни судски референти, 35 дактилографи, 24 помлади судски референти, 7 судска полиција и 7 помошни и технички работници.

**7. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Просторните капацитети во Основниот суд Куманово се подобрени, започната е реконструкција на судската зграда, поправка на кровот, кој би требало да завршат во текот на 2019 година.

**8. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Куманово во тековната 2018 година бил ажурен и го совладал приливот.

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Куманово во тековната 2018 година, покажал подобри квалитативни и квантитативни резултати од претходните години. Во наредниот период треба да се продолжи трендот на подобрување на квалитетот на работењето и зголемувањето на процентот на потврдени предмети. Потребно е итно да се обезбедат средства за санација на судската зграда.

***<u>ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО</u>***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основниот суд Неготино во 2018 година на почетокот на годината биле евидентирани како нерешени 1.371 предмет. Во текот на 2018 година во работа биле примени 4.762 предмети. Биле евидентирани 35 предмети кои повторно се во работа и 5 погрешно заведени предмети. Во текот на годината вкупно биле во работа 6.163 предмети, од кои решени се 4.840 предмети, а останале нерешени 1.323 предмети. Во однос на претходната година, заостатокот е намален за 48 предмети.

**2. СУДСКА УПРАВА**

Во Одделот за судска управа на почетокот на годината немало нерешени предмети, во текот на 2018 година биле примени 808 предмети и сите биле решени.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА**

Во Кривичниот оддел на почетокот на годината биле евидентирани како нерешени 113 предмети. Во текот на 2018 година во работа биле примени 1.472 предмети. Биле евидентирани 9 предмети кои повторно се во работа и 1 погрешно заведен предмет. Во текот на годината во работа биле вкупно 1.593 предмети, од кои решени биле вкупно 1.446, а останале нерешени 147 предмети, или 34 предмети повеќе во споредба со претходната година. Во однос на квалитетот во работата, бројот на обжалени предмети во Кривичниот оддел изнесува 5, од кои 3 биле потврдени (60%), 2 биле укинати (40%), а немало преиначени и предмети во кои е отфрлена жалбата.

Во Прекршочниот оддел, на почетокот на годината биле евидентирани како нерешени 567 предмети. Во текот на 2018 година во работа биле примени 1.254 предмети. Немало предмети кои повторно се во работа и имало 2 погрешно заведени предмети. Во текот на годината во работа биле вкупно 1.819 предмети, од кои решени биле вкупно 1.501 предмет, а останале нерешени 318 предмети. Во однос на претходната година, заостатокот е намален за 249 предмети. Во однос на квалитетот во работата, во Прекршочниот оддел бројот на обжалени предмети изнесува 14, од кои 6 биле потврдени (42,8%), 4 биле укинати (28,6%), 2 биле преиначени (14,3%) и во 2 предмети (14,3%) жалбата била отфрлена.

Во Граѓанскиот оддел на почетокот на годината биле евидентирани како нерешени 691 предмет. Во текот на 2018 година во работа биле примени 2.036 предмети. Биле евидентирани 26 предмети кои повторно се во работа и 2 погрешно заведени предмети. Во текот на годината во работа биле вкупно 2.751 предмет, од кои решени биле вкупно 1.893 предмети, а останале нерешени 858 предмети, или 167 предмети повеќе во споредба со претходната година. Во однос на квалитетот во работата, во Граѓанскиот оддел бројот на

обжалени предмети изнесува 150, од кои 124 биле потврдени (82,7%), 25 биле укинати (16,7%), 1 бил преиначен (0,6%) и немало предмети во кои жалбата е отфрлена.

**4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во Основниот суд Неготино останале нерешени вкупно 19 стари предмети и тоа: 1 предмет од кривично полнолетни, 1 предмет КС – за Кривичен совет во претходна постапка вон главен претрес, 2 предмети – повикани лица на издржување казна затвор (полнолетни), 1 предмет од извршување кривични и прекршочни санкции и алтернативни мерки, 3 прекршочни предмети и 11 граѓански предмети.

Исто така, како стари нерешени предмети останале и 194 оставински предмети, по кои постапуваат двајца нотари како повереници на Основниот суд Неготино. Претседателот на судот на одржаните средби со нотарите побарал што побрзо да се земаат во работа оставинските предмети и да не постои несовладување на приливот во овој вид предмети, затоа што тоа директно влијаело врз целокупното работење на судот.

**5. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во Основниот суд Неготино во 2018 година имало вкупно 21 вработен.

Во извештајната година во Основниот суд Неготино по предметите постапувале 5 судии во кои е вбројан и Претседателот на судот, од кои двајца на граѓанска, двајца на кривична материја.

Во моментот има потреба од пополнување на следните работни места: 1 раководител на оддел, 4 стручни соработници, 4 самостојни судски референти, 3 судски референти, 1 помлад судски референт и 1 командир на судска полиција, предвидени со Правилникот за систематизација и огранизација на работни места во овој суд.

**6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

По бројот на вработени просторниот капацитет одговара за соодветна поставеност на оддели и канцеларии и истиот е уреден.

Потребно е постепено обновување на телата за ладење, односно климатизирање на воздухот во просториите за работа поради нивната старост и истрошеност.

Во 2018 година била спроведена јавна набавка за систем за видео надзор заради поголема безбедност на вработените, која била успешно реализирана по склучување на договорот.

**7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Неготино го совладал приливот на предмети и со тоа се смета дека е ажурен суд.

Во наредниот период, потребно е Граѓанскиот оддел да ја поправи ажурноста и ефикасноста, а Кривичниот оддел да го подобри квалитетот на работењето.

## ***АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во извештајниот период, од претходната година биле пренесени 589 предмети, новопримени предмети во 2018 по сите основи се 5315, или вкупно во работа биле 5904 предмети и 873 предмети од судска управа. Обемот за работа е намален за 102 предмети, а приливот за 470 предемти.

Вкупно решени предмети во 2018 година се 5390 предмети, а 514 од предметите во работа останале нерешени.

Споредбено, бројот на примени 5315 со бројот на решени 5390 предмет, укажува дека приливот е совладан.

**2. СУДСКА УПРАВА**

На ниво на судска управа, судот во работа имал 873 предмети, од кои новопримени биле 673 – СУ уписник за Судска управа, 77 во евиденција за преставки и поплаки, 110 за иземање на судии и 4 за слободен пристап до информации. Сите предмети се решени.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТА**

**- Кривичен оддел**

Во кривичниот оддел согласно распоредот за работа на судиите во Апелациониот суд Гостивар за 2018 година, постапувале пет кривични совета, од кои: два кривични совети кои решавале предмети од уписникот „КЖ“ и „ПРКЖ“, а еден совет решавал по „КЖМ“ согласно Законот за малолетничка правда и посебен совет кој постапувал исклучиво по кривичните предмети заведени во уписникот „КСЖ“ и „КР“, како и кривичен совет од петмина судии за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од петнаесет години или доживотен затвор.

Кривичниот оддел во извештајниот период вкупно во работа имал 1799 предмет од кои 81 предмети се пренесени како нерешени од претходната ггодина, а 1718 предмети се новопримени. Од вкупниот број предмети во работа судот решил 1751 предмети, а останале нерешени 48 предмети.

**Квалитет на работење во кривичниот Оддел**

Во извештајниот период од Врховниот суд, се вратени кривични предмети „КЖ“ вкупно 46, од кои: потврдени се 30 предмети или 62,55%, укинати се 11 предмети или 23,91% отфрлени се 4 и 1 предмет е преиначен.

**- Граѓански оддел**

Во граѓанскиот оддел согласно распоредот за работа на судиите и останатите вработени за 2013 година, работеле два совета кои постапувале по предметите заведени во уписникот „ГЖ“, и второстепени граѓански предмети и трет совет, кој постапувал по предмети за трговски и работни спорови во уписникот „ТСЖ“ второстепени предмети по трговски спорови и во уписникот „РОЖ“ предмети од работни спорови.

Судот во работа имал вкупно 3232 предмети, Бројот на решени предмети во извештајниот период е 2766, а нерешени предмети на крајот на годинатаостанале 466, што е за 42 предмета помалку од претходниот извештаен период.

**Квалитет на работење на Граѓанскиот Оддел**

Во извештајниот период од Врховниот суд се вратени вкупно 153 предмети, од кои 95 се потврдени или 62,10%, 12 се преиначени или 7,84 %, укинати се 14 предмети или 9,15% и 31 се отфрлени или 20,26%, а 1 предмет е решен на друг начин.

**Квалитет на работење на ниво на суд**

Во текот на извештајниот период од Вховниот суд се вратени вкупно 199 предмети, од кои 125 се потврдени или 62,81%, 13 одлуки се преиначени или 6,535, 25 се укинати или 12,56%, 35 се отфрлени или 17,59% и една одлука е решена на друг начин.

## 4. СОСТОЈБА СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Заостатокот на предмети на крајот на 2017 година, изнесувал 589 предмети, додека заостатокот на предмети на крајот на извештајната 2018 година изнесува 514, или заостатокот е намален за 75 предмети.

Стари предмети на крајот на 2107 биле 11, од кои 8 се решени, а 3 останале нерешени и тоа 2 во уписникот ГЖ и 1 предмет во уписникот ТСЖ.

**Констатации за условите за работа, човечки ресурси, опременост на судот, просторни капацитети и буџет**

Во текот на извештајниот период, носителите на судската функција извршиле две посети на пониските судови за кои посети се уредно изготвени и доставени за констатирани сосотојби.

Во делот на судска пракса и евиденција судот учествувал во донесувањето на правни мислења и усогласување на примената на законите на средбите на апелационите судови.

Во извештајниот период подобрени се и условите за работа на судот.

## 5. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Заклучните согледувања за минатиот извештаен период и предлог мерките кои судот ги презел во извештајниот период, дале евидентен резултат.

Според бројот на судии, бројот на предмети во работа и решени предмети, како и заостатокот од предмети на крајот на извештајниот период, го детерминира судот како ефикасен суд.

По однос на квалитетот во работа, искажаните податоци задоволуваат по сите основи, но покажуваат и тоа дека квалитетот на работењето мора да биде постојано опсервиран и навремено да се превземаат мерки за подобрување.

## ***ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР***

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2018 година на ниво на суд во работа биле вкупно 40421 предмети,од кои решени се 34993 предмети, додека 5428 се водат како нерешени.

● Судска управа, вкупно во работа 689 предмети, решени 685 предмети.

● Работа по оддели и квалитет во работата

***- Граѓански оддел (област)***

Во работа биле вкупно 21836 предмети од кои решени се 19406, нерешени 2430.

Квалитет во работата. Решени 2135, од кои: 382 односно 17,89% се потврдени, 109 односно 5,11 % укинати и 33 односно 1,55 преиначени.

***- Кривичен оддел (област)***

Во работа биле вкупно 18585 предмети, кои 15587 се решени, 2998 не се решени.

*Квалитет во работата. Решени 3595, од кои: 273 односно 7.59 % потврдени, 99 односно 2,75 % укинати и 71 односно 1,97 % преиначени.*

### 2. КВАЛИТЕТ НА РАБОТА ПО СИТЕ ОСНОВИ

Вкупно решение предмети 5730 од кои: потврдени 655 односно 11.43 %, укинати 208 односно 3.63%, преиначени 104 односно 1.82%.

### 3. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Вкупно во работа 2421 стари нерешени предмети, од кои 941 се решени, останувaат нерешени 1480.

### 4. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во 2018 година имал 20 судии, 74 вработени во судската служба, 4 вработени согласно ЗРО и 5 судски полицајци.

За оптимално постапување од страна на судската служба во Основен суд Гостивар во текот на 2018 година, требало да се реализират повеќе вработувања, од испразнетите работни места.

### 5. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Се укажува на несоодветни просторни услови. Дотраеност на електронската опрема односно комјутери кои се со застарена конфигурација. Потребно е осовременување на видео-надзорот и опремување на три судсници со тонско снимање.

### 6. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Ажурен суд - совладан е приливот.

- Да се преземат мерки за пополнување на потребните работни места.
- Да се согледа можноста за техничко доопремување на судот.
- Да се одржи континуитетот односно динамиката на работење.

-Да се превземат мерки за подобрување за работењето на доставната служба (предметите да се одставуваат со доказ за уредно извршена достава)

## ***ОСНОВЕН СУД ДЕБАР***

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2018 година на ниво на суд во работа биле вкупно 8972 предмети,од кои решени се 8664 предмети, додека 308 се водат како нерешени.

### 2. СУДСКА УПРАВА

Во работа 441 предмети, решени се сите 441 предмети.

### 3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Решени 4.599 предмети *од кои: 66 односно 1.43% се потврдени, 15 односно 0.41 укинати и 3 односно 0.06 преиначени.*

***- Граѓански оддел***

Во работа биле вкупно 5.468 предмети од кои 5.197 се решени, 271 нерешени.

Решени предмети со норма 951 *кои: 38 односно 3.99 се потврдени, 10 односно 1.05 укинати и 1 односно 0.10 преиначени.*

***- Кривичен оддел***

Во работа биле вкупно 3.506 предмети, од кои 3.469 се решени, 37 не се решени.

*Решени предмети со норма 3456 од кои: 28 односно 1.43% потврдени, 4 односно 0.41% укинати и 1 односно 0.06% преиначени.*

**4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Вкупно во работа биле 112 стари , од кои 53 предмети се пренесеи од претходната година. Решени се 25 предмети , а на крајот на годината останале 87 нерешени предмети.

**5. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во извештајниот период судската функцијаја извршувале претседателот на судот и тројца судии, а биле вработени 24 лица. Според одлука на Судски совет предвидени се 5 судии заедно со претседателот на судот, додека според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места се предвидени 53 административни извршители.

**6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Во овој суд се применува АКМИС системот. Една судница е опремена за тонско снимање на рочиштата и истата се користи. Во однос на информатичката технологија е на задоволнително ниво.

Формирана е канцеларија за односи со јавноста, која секојдневно остварува контакти со граѓани и странки во поглед на добивање на информации од работењето на судот.

Опременоста на судот е на задоволително ниво во новиот дел, додека во стариот дел не се во добра состојбаи има потреба од нивно реновирање (кровот, врати и прозорци).

**7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Дебар во во тековната 2018 година бил неажурен, бидејќи не успеал да го совлада приливот на предмети. Во почетокот на 2018 година, останале нерешени 255 предмет, а вкупно во работа биле 8972 предмети,од кои решени се 8664 предмети, додека 308 се водат како нерешени, **па произлегува дека Основниот суд Дебар во тековната 2018 година, бил неажурен бидејќи не успеал да го совлада приливот за 53 предмети.**

- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на суди и пополнување на останатите потребни работни места.
- Да се согледа можноста за техничко доопремување, односно реновирање на судот,
- Да се одржи континуитетот односно динамиката на работење

## ***<u>ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО</u>***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основниот суд Кичево од претходната година останале нерешени вкупно 823 предмети, новопримени се 5.536 предмети, а 312 предмети се повторно заведени.

Во текот на извештајната година судот во работа имал вкупно 6.671 предмети, од кои решени се 5.929 предмети, а 742 предмети останале нерешени на крајот на извештајната година.

Од изнесеното произлегува дека Основниот суд Кичево го совладал приливот на нови предмети во извештајната година и за 81 предмети го намалил заостатокот на нерешени предмети.

**2. СУДСКА УПРАВА**

На почетокот на извештајната судот немал заостанати предмети од судска управа, во текот на извештајната година примени се 825 предмети и сите се решени.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА**

На почетокот на извештајната година, Кривичниот оддел во работа имал 249 кривични предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на извештајната година примени се 4.031 нови кривични предмети, а 56 предмети се повторно заведени.

Судот во текот на извештајната година во работа имал 4.336 кривични предмети.

Судиите од Кривичниот оддел во текот на извештајната година решиле вкупно 4.155 кривични предмети, а нерешени останале 181 кривични предмети.

Од изнесеното произлегува дека кривичниот оддел го совладал приливот на нови кривични предмети во извештајната година и за 68 предмети го намалил заостатокот на нерешени предмети.

Квалитетот на решените предмети на ниво на кривичен оддел во извештајната 2018 година е следен: од вкупно решените 1.810 предмети по кои може да се изјави редовен правен лек, потврдени се 119 или 6,57%, укинати се 19 предмети или 1,04% и преиначени 16 предмети или 0,88%. На почетокот на извештајната година, Граѓанскиот оддел во работа имал 574 предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на извештајната година примени се 1.505 нови предмети, а 256 предмети се повторно заведени, така што вкупно во работа биле 2.335 граѓански предмети.

Судиите од Граѓанскиот оддел во текот на извештајната година решиле вкупно 1.774 предмети, а како нерешени останати се 561 предмети.

Од изнесеното произлегува дека граѓанскиот оддел го совладал приливот на нови предмети во извештајната година и го намалил заостатокот за 13 предмети.

По однос на квалитетот во работата на граѓанскиот оддел, во текот на извештајната година од вкупно решените 1.774 предмети по кои може да се изјави правен лек, потврдени се 707 предмети или 39,85 %, укинати се 186 предмети или 10,48 % и преиначени се 81 предмети или 4,56 %.

**4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во Основниот суд Кичево од предходната година останале нерешени 53 предмети, со статус на стари предмети во текот на извештајната година се стекнале 98 предмети така што вкупно во работа во извештајната година имало 151 стари предмети. Решени се 99, а на крајот на извештајната година останале нерешени 52 стари предмети.

**5. КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во текот на извештајната година судот работел со 9 судии вклучувајќи го и претседателот на судот.

По однос на административниот персонал, вкупно вработени во извештајната година се 66 лица во кои се вклучени вработените од судската полиција, како и вработените согласно Законот за работните односи. Непополнета е предвидената систематизација со стручни соработници, виши соработници и судски советници, како и со дактилографи, архивар, самостојни судски референти, судски референти и други административно технички службеници, па постојниот број на судски службеници не овозможува ефикасно да се спроведува работата на судијата со оглед дека работат со двајца или повеќе судии.

**6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

По однос на просторните услови за работа на овој суд, треба да се спомене дека има потреба од воведување шалтерски систем, кое барање било доставувано до Судскиот буџетски совет пред неколку години, но до сега не биле одобрени средства.

Пет простории од судската зграда користат ОЈО Кичево и ДП Кичево и доколку се најде решение за ослободување на овие простории состојбата значително би се подобрила.

Судот има потреба од обновување на компјутерската опрема со оглед дека користи компјутерска опрема и печатари кои се застарени и не може да одговорат на обемот на работењето.

**7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Кичево во извештајната 2018 година го има совладано годишниот прилив на предмети на ниво на суд, ако се има предвид дека примени се вкупно 5.536 предмети, а решени се вкупно 5.929 предмети, а воедно за 81 предмети го намалил

заостатокот на нерешени предмети од предходната година, така што се смета за **ажурен суд за извештајната 2018 година.**

По однос на квалитетот на решавањето на предметите на ниво на суд, во текот на извештајната година од вкупно решените 3.584 предмети по кои може да се изјави редовен правен лек, потврдени се 826 предмети или 23,04%, укинати се 205 предмети или 5,71% и преиначени се 97 предмети или 2,70 %.

Во текот на 2019 година потребно е судиите да ја задржат ажурноста на судот и да ги решат старите предмети.

Потребно е да се пополнат непополнетите работни места и реши просторниот проблем на судот.

## ***ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО***

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Основниот суд Тетово од претходната година останале нерешени вкупно 4.267 предмети, новопримени се 19.429 предмети, 572 се предмети повторно во работа и 11 предмети се погрешно заведени.

Во текот на 2018 година судот во работа имал вкупно 24.257 предмети, од кои решени се 20.631 предмети, додека 3.626 предмети останале нерешени на крајот на извештајната година.

Од изнесеното произлегува дека Основниот суд Тетово го совладал приливот на нови предмети во извештајната година и за 641 предмети го намалил заостатокот на нерешени предмети од предходната година.

### 2. СУДСКА УПРАВА

На почетокот на извештајната судот во работа имал 30 предмети од судска управа кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на годината примени се 764 нови предмети, така што вкупно во работа биле 794 предмети и сите се решени во текот на извештајната година.

### 3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

На почетокот на извештајната година, Кривичниот оддел во работа имал 2.922 кривични предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на извештајната година примени се 14.172 нови кривични предмети, 301 се предмети повторно во работа, 8 се погрешно заведени.
Судот во текот на извештајната година во работа имал 17.387 кривични предмети.

Судиите од Кривичниот оддел во текот на извештајната година решиле вкупно 15.469 кривични предмети, а нерешени останале 1.918 кривични предмети.

Од изнесеното произлегува дека кривичниот оддел го совладал приливот на нови кривични предмети во извештајната година и за 1.004 предмети го намалил заостатокот на нерешени предмети.

По однос на квалитетот во работата на кривичниот оддел, во текот на извештајната година од вкупно решени 15.469 кривични предмети потврдени се 397 предмети или 2,56 %, укинати се 182 предмети или 1,17 %, и преиначени се 180 предмети или 1,16 %, додека од вкупно обжалените предмети, потврдените 397 предмети претставуваат 52,00%, укинатите 182 предмети претставуваат 24,00% и преиначените 180 предмети претставуваат 24,00%.

На почетокот на извештајната година, граѓанскиот оддел во работа имал 1.345 предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на извештајната година примени се 5.257 нови предмети, 271 се предмети повторно во работа и 3 се погрешно заведени предмети, така што вкупно во работа биле 6.870 граѓански предмети.

Судиите од Граѓанскиот оддел во текот на извештајната година решиле вкупно 5.162 граѓански предмети, а како нерешени останати се 1.708 граѓански предмети.

Од изнесеното произлегува дека граѓанскиот оддел не го совладал приливот на нови предмети во извештајната година и го зголемил заостатокот за 363 граѓански предмети.

По однос на квалитетот во работата на граѓанскиот оддел, во текот на извештајната година од вкупно решените 5.162 предмети, потврдени се 459 предмети или 8,89 %, укинати се 150 предмети или 2,90 % и преиначени се 69 предмети или 1,34 %, додека од вкупно

обжалените предмети, потврдените 459 предмети претставуваат 68,00%, укинатите 150 предмети претставуваат 22,00% и преиначените 69 предмети претставуваат 10,00%.

**4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во Основниот суд Тетово од предходната година останале нерешени 391 предмети, со статус на стари предмети во текот на извештајната година се стекнале 303 предмети така што вкупно во работа во извештајната година имало 694 стари предмети. Решени се 527, а на крајот на извештајната година останале нерешени 167 стари предмети.

Во кривичниот оддел од предходната година останале нерешени 122 стари предмети, со статус на стари предмети во текот на извештајната година се стекнале 124 предмети така што вкупно во работа во извештајната година имало 246 стари предмети. Решени се 171, а на крајот на извештајната година останале нерешени 75 стари предмети.

Во граѓанскиот оддел од предходната година останале нерешени 269 стари предмети, со статус на стари предмети во текот на извештајната година се стекнале 179 предмети така што вкупно во работа во извештајната година имало 448 стари предмети. Решени се 356, а на крајот на извештајната година останале нерешени 92 стари предмети.

**5. КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во текот на извештајната година еден судија е пензиониран, еден судија е делегиран во Основниот суд Скопје 2 во Скопје, а еден судија поранешен член на Судскиот совет поради завршување на мандатот продолжил да ја извршува судиската функција.

Со оглед дека судот имал неопходна потреба од извршители на одредени работни места од Судскиот буџетски совет на РМ биле побарани средства, но истите не биле обезбедени така што судот се соочил со недостаток на вработени. Во текот на извештајната година со преземање пополнети се работни места на 3 помлади судски соработници и на 1 помлад судски соработник - информатичар.

**6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Зградата во која е сместен судот е целосно реконструирана во текот на 2008 година од страна на Министерството за правда и истата е во релативно добра функционална состојба, но тековното одржување на судската зграда не е на задоволително ниво поради недостаток на буџетските средства. Проблем се јавува со парното греење поради дотраеност на котелот, радијаторите и инсталацијата и со подрумските простории кои се во лоша состојба бидејќи не биле опфатени со реконструкцијата, а проблем претставува и кровната конструкција која е во лоша состојба и особено на зима се јавуваат проблеми кои судот не може да го отстрани.

Судската зграда ја користат и Основното јавно обвинителство Тетово и Државното правобранителство Тетово, поради што просторните услови налагаат потреба да се надгради уште еден - трет кат за што од страна на Основниот суд Тетово е изготвен Идеен проект.

**7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Тетово во извештајната 2018 година го има совладано годишниот прилив на предмети на ниво на суд, ако се има предвид дека примени се вкупно 19.429 предмети, а решени се вкупно 20.631 предмети, а воедно за 641 предмети го намалил заостатокот на нерешени предмети од предходната година, така што се смета за ажурен суд за извештајната 2018 година.

По однос на квалитетот на решавањето на предметите на ниво на судот, во текот на извештајната година од вкупно решени 20.631 предмети, потврдени се 856 предмети или 4,15%, укинати се 332 предмети или 1,60 % и преиначени се 249 предмети или 1,20 %, додека од вкупно обжалените предмети, потврдените 856 предмети претставуваат 60,00%, укинатите 332 предмети претставуваат 23,00%, а преиначените 249 предмети претставуваат 17,00%.

Иако е намален бројот на нерешени стари предмети од 391 на 167 на крајот на извештајната година, во извештајот евидираат нерешени стари предмети кои се од постари годишта.

Во текот на 2019 година потребно е судиите да ја задржат ажурноста на судот, да го подобрат квалитетот, судиите од граѓанскиот оддел да го совладаат заостатокот на нерешени предмети како и да се решат старите предмети, особено предметите кои се од постари годишта.

Потребно е да се пополнат непополнетите работни места и реши просторниот проблем на судот.

## ***<u>АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА</u>***

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

На крајот од 2018 година во Апелациониот суд Битола од предвидените 25 судиски места заедно со Претседателот на судот,на крајот на годината постапувале 22 судии , а на 1 судија и понатаму му мирува местото, бидејќи е избран за член на СС на РМ .Има 51 судски службеник и 4 други вработени кои вршат помошно технички работи.

Во Апелациониот суд Битола од 2017 година останале нерешени 784 предмети. Во текот на 2018 година по сите видови биле примени 5628 предмети,(2 погрешно заведени) и 39 повторно во работа или вкупно во работа биле 6451 предмети, од кои се решени 5921 предмети, а останале нерешени 530 предмети.

**-квалитет на ниво на суд-**

Според податоците за вратени предмети од страна на Врховен суд на РМ во текот на 2018 година потврдени се вкупно 143 предмети,или 74,86% укинати се 34 предмети,или 17,8% преиначени се 14 предметиили 7,32 %.

**А.Граѓански оддел**

Од 2017 година останале нерешени 527 предмети. Во текот на 2017 година биле примени 4151 предмети(два погрешно заведени)и 29 предмети повторно во работа , или вкупно во работа биле 4707 предмети, од кои решени се 4360 предмети, а останале нерешени 347 предмети.

**-Квалитет во граѓански оддел**

Според податоците за вратени предмети од Врховниот суд на РМ потврдени се вкупно 109 предмети или 72,66% ,укинати се 28 предметиили 18,66% ,а преиначени се 13 предмети или 8,66%.

**Б. Кривичен оддел**

Од 2017 година останале нерешени 257 предмети. Во текот на 2018 година биле примени нови 1477 предмети и 10 повторно во реабота, или вкупно во работа биле 1744 предмети, од кои се решени 1561 предмет, а останале нерешени 183 предмети.

**- Квалитет во кривичен оддел**

Според податоците за вратени предмети од страна на Врховниот суд на РМ во текот на 2018 година потврдени се 34 предмети или 82,92%, укинати се 6 предмети или 14,36% ,а преиначен е 1 предмет или 2,43%.

### 2. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во 2018 година на крајот од годината останале 31 стар предмет од кои 15 се кривични, 1 е прекршочен , 7 се граѓански предмети,7 предмети се стопански ,а 1 е работен спор.

### 3. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

На крајот од 2017 година во судот биле вработени вкупно 77 лица, од кои 22 судија со Претседателот (од вкупно предвидените 25), 51 судски службеник и 4 други

### 4.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Иако во предходните години извршени се некои градежни интервенции сеуште стои поотребата од реновирање на судските канцеларии,набавка на инвентар,бира столици идруго.

И натаму стои потребата од дислоцирање на ОЈО и ВЈО.

### 5. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Апелациониот суд Битола успеал да го совлада приливот на предмети и го намалил заостатоко при што истиот се смета за ажурен суд.

Во 2019 година да се пополнат сите испразнети места од стручниот кадар и административно-техничкиот персонал согласно систематизацијата.

Учество на ВЈО и ОЈО во трошоците за одржување на зградата на судот или нивна дислокација.

Дополнување со компјутерска опрема,набавка на инвентар и обезбедување средства за реализирање на планираните јавни набавки.

Интензивирање на соработката со Врховниот суд на Република Македонија и следење и остварување на планот за решавање на стари нерешени предмети во текот на 2019 година кај основните судови, а по барање на судиите од основните судови да се остваруваат што поголем број на работни средби за укажување на секаква помош.

***ОСНОВЕН СУД БИТОЛА***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Основниот суд Битола 2018 година ја започнал со остаток од незавршени предмети од претходната 2017 година од 3.173 предмети. Во тековната 2018 година примени се нови 21.963 предмети, погрешно заведени 15 предмети, предмети повторно во работа 447 или во работа биле вкупно 25.568 предмети, од кои биле решени 22.544, а нерешени останале 3.024 предмети. Приливот е совладан.

**2. СУДСКА УПРАВА**

Судската управа 2018 година ја започнала со остаток од претходната 2017 година од 19 предмети. Во тековната 2018 година примени се 1.611 предмети, погрешно заведени 0, па вкупно во работа биле 1.630 предмети, од кои решени се 1.609, а нерешени останале 21 предмети. Приливот не е совладан.

**Квалитет на предмети на ниво на суд**

Од вкупно решените предмети 9.192, потврдени се 1094 или11,90%, укинати се 329 или 3,58%, а преиначени 174 или 1,89%.

**2.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА**

**2.1 Кривичен оддел**

Кривичниот оддел 2018 година ја започнал со остаток од незавршени предмети од претходната 2017 година од 965 предмети. Во тековната 2018 година примени се нови 12.842 предмети, погрешно заведен 4, предмети повторно во работа 165, па вкупно во работа биле 13.968 предмети, од кои биле решени 13.008, а нерешени останале 960 предмети. Приливот е совладан. Од вкупно решените 6.062 предмети, потврдени се 270 или 4,45%, укинати 127 или 2,10% и преиначени 64 или 1,06%.

**2.2 Граѓански оддел**

Граѓанскиот оддел 2018 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2017 година од 2.189 предмети. Во тековната 2018 година примени се нови 7.510 предмети, погрешно се заведени 11, предмети повторно во работа 282 па вкупно во работа биле 9.970 предмети, од кои биле решени 7.927, а нерешени останале 2.043 предмети. Приливот е совладан. Од вкупно решени 3.130 предмети, потврдени се 824 или 26,33%, укинати се 202 или 6,45% и преиначени 110 или 3,51%.

**3. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Судот 2018 година ја завршил со 84 стари нерешени предмети, не рачунајќи ги 75 оставински предмети кај Нотари. Најстари предмети се од 2006 година 2, од 2010 година 2 предмети, од 2011 - 1 предмет, од 2013 година 4, од 2014 година 5 предмети, од 2015 година 9 предмети, од 2016 година 56 предмети.

**4. КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во моментов во судот има 123 вработени, од кои 18 се судии вклучувајќи го и претседателот на судот. Бројот на вработени е со тенденција на опаѓање поради природен одлив на вработените со пензионирање, па проблемот оваа година е надминат со вработување на определено време на 21 службеници и лица за помошно технички работи.

**5. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Основниот суд Битола е добро просторно опремен, со доволен број канцеларии, судници и писарници, но има проблем со просторот и опременоста за чување на архивска граѓа. Оваа година се набавени нови 12 компјутери, 3 печатачи и 2 скенери, па проблемот со застарената компјутерска технологија е само делумно решен.

**6. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Битола во тековната 2018 година бил ажурен и го совладал приливот, а покажал и подобри квалитативни и квантитативни резултати од претходната година.

Во наредниот период ќе треба да се обрне посебно внимание на побрзо решавање на старите предмети, потребно е судот кадровски да се доекипира со пополнување на испразнетите работни места од сите профили и да се дообнови целокупната компјутерска опрема.

## ***<u>ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО</u>***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

***- Вкупен број на нерешени предмети од претходната година*;**

Во Основниот суд во Крушево вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува 163 предмети.

***Вкупен број на новопримени предмети***:

Вкупниот број на новопримени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 1643 предмети.

***Предмети повторно во работа:***

Предмети повторно во работа во Основниот суд во Крушево се во вкупен број од 61 предмети.

***Вкупен број на предмети во работа:***

Вкупниот број на предмети во работа изнесува 1867 предмети.

***Вкупен број на решени предмети:***

Вкупниот број на решени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 1660 предмети.

***Колку предмети останале незавршени:***

Како незавршени предмети во судот останале 207 предмети.

**2. СУДСКА УПРАВА**

Во Основен суд во Крушево како предмети кои што се третираат од областа на судската управа се повеќе видови на предмети заведени во уписник и тоа: под СУ-СУ-07, СУ-ДОВ, СУ-СТРДОВ, СУ-ИЗЗ, УПП, и СПИ.

***Вкупен број на нерешени предмети од претходната година*:**

Нерешени предмети од претходната година останале 4 предмети.

***Вкупен број на новопримени предмети***:

Вкупниот број на новопримени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 431 предмети.

***Вкупен број на предмети во работа:***

Вкупниот број на предмети во работа изнесува 435 предмети

***Вкупен број на решени предмети:***

Вкупниот број на решени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 431 предмет.

***Колку предмети останале незавршени:***

Останале 4 незавршени предмети.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА**.

**А) Работа и квалитет на одлучување на Кривичниот Оддел:**

**1. Предмети во работа**

***Вкупен број на нерешени предмети од претходната година*:**

Во Основниот суд во Крушево вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува 83 предмети.

***Вкупен број на новопримени предмети***:

Вкупниот број на новопримени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 687 предмети.

***Предмети повторно во работа:***

Предмети повторно во работа во Основниот суд во Крушево се во вкупен број од 10 предмети.

***Вкупен број на предмети во работа:***

Вкупниот број на предмети во работа изнесува 780 предмети

***Вкупен број на решени предмети:***

Вкупниот број на решени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 671 предмети.

***Колку предмети останале незавршени:***

Како незавршени предмети во судот останале 109 предмети.

**2) Квалитет во работата**

Од вкупен број на 239 решени-обжалени предмети 8 предмети се потврдени што изнесува 44%, 3 предмети се укинати што изнесува 17%, 2 предмети се преиначени што изнесува 11%, делумно укинати има 1 предмет што изнесува 6% и отфрлени има 4 предмети што изнесува 22%.

**Б) Граѓански Оддел**

**Работа и квалитет на одлучување во Граѓанскиот Оддел:**

**1. Предмети во работа**

***Вкупен број на нерешени предмети од претходната година*:**

Во Основниот суд во Крушево вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува 76 предмети.

***Вкупен број на новопримени предмети***:

Вкупниот број на новопримени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 525 предмети.

***Предмети повторно во работа:***

Предмети повторно во работа во Основниот суд во Крушево се во вкупен број од 51 предмет.

***Вкупен број на предмети во работа:***

Вкупниот број на предмети во работа изнесува 652 предмети.

***Вкупен број на решени предмети:***

Вкупниот број на решени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 558 предмети.

***Колку предмети останале незавршени:***

Како незавршени предмети во судот останале 94 предмети.

**2) Квалитет во работата**

Од вкупен број на 165 решени и обжалени предмети, 58 предмети се потврдени што изнесува 56%, 42 предмети се укинати што изнесува 40%, 4 предмети се преиначени што изнесува 4%, делумно укинати и отфрлени нема.

## 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

На крајот на тековната 2018 година во Основниот суд во Крушево евидентирани се 36 стари предмети и тоа 30 оставини од нотар, 5 предмети од видот Извршување на прекршочни глоби, трошоци и паушал и 1 предмет од видот Извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал. Нема стари предмети по друг вид.

## 5. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Основниот суд во Крушево својата функција во 2018 година ја извршувал со 19 вработени, од кои 3 судии, тука сметајќи го и Претседателот на судот, а останатите како технички персонал.

Согласно Систематизацијата на Основен суд Крушево предвидени се 26 работни места без судиите. Во текот на извештајниот период и во периодот од претходните години, поради редовно пензионирање и други случаеви непополнети останале 10 работни места. Со оглед на обемот на работата приоритетно е пополнување на работните места предвидени со Актот за систематизација на Основниот суд во Крушево се: еден технички секретар на судија-

дактилограф, еден помлад судски соработник-приправник и 1 виш судски референт-архивар економ и унапредување на звањето за стручниот соработник кој работи со тројца судии од звање Судски соработник во Судски советник.

**6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Просторните услови во Основниот суд Крушево се на задоволително ниво. Дел од информатичката опрема која е застарена е заменета со нова, односно со нови компјутери. Модулот за скенирање и формирање на електеронско досие на предметите се користи во целост.

**7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во смисла на погоре изложеното, може да се констатира дека Основниот суд во Крушево успеал да го совлада приливот на предмети во тековната 2018 година, бидејќи останале нерешени само 207 предмети, имајќи го во предвид фактот што во наведената година новопримени предмети се 1643, а од претходната година како нерешени предмети останале 163, односно од вкупниот број на новопримени и предмети од претходната година како и предмети повторно во работа што изнесува вкупно предмети во работа 1867 предмети останале нерешени само 207 предмети.

По однос на ажурноста на судот сметам дека истиот е ефикасен и ажурен суд.Така, според приложениот извештај од страна на Основниот суд Крушево, произлегува дека од вкупниот број на предметии и тоа 1867 предмети во работа, решени биле 1660 предмети, а нерешени останале 207 предмети, кои би можеле да се решат за 1 (еден) месец и 9 дена. Оттука, произлегува дека Основниот суд Крушево е ефикасен и ажурен суд.

Имајќи го во предвид наведеното, за да се решат преостанатиот дел од 207 нерешени предмети потребни се 1(еден) месец и 9 дена. Оттука, произлегува дека Основниот суд во Крушево е ефикасен и ажурен суд.

Со пополнувањето на слободните работни места предвидени со Актот за систематизација на Основен суд Крушево и со надминување на вообичаените проблеми кои што се јавуваат по однос на информатичката технологија и човечките ресурси, ќе може Основниот суд во Крушево во иднина да биде поефикасен, поквалитетен и да нема нерешени предмети почитувајќи го притоа начелото на владеење на правото.

## ***<u>ОСНОВЕН СУД ОХРИД</u>***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

● Од претходната 2017 година, во Основен суд Охрид останале незавршени вкупно 3242 предмети.

● Во текот на 2018 година, во Основен суд Охрид се оформени и примени во работа 15895 нови предмети.

● Во текот на 2018 година имало 6 погрешно заведени предмети.

● Во текот на 2018 година, во работа биле вкупно 19131 предмети.

● Во текот на 2018 година, вкупно се решени 15006 предмети.

● Во текот на 2018 година, вкупниот број на нерешени предмети е 4125.

● Во текот на 2018 година, Основниот суд Охрид не го совладал приливот и го зголемил заостатокот за 889 предмети.

**2. СУДСКА УПРАВА**

● Нерешени предмети од претходната година се 8 предмети

- Вкупниот број на новопримени предмети во текот на 2018 година, е 686.

● Вкупниот број на предмети во работа во 2018 година, е 694.

● Вкупниот број на решени предмети во 2018 година е 679.

● Нерешени на крајот на 2018 останале 15 предмети.

**- Кривичен Оддел**

● Во текот на претходната 2017 година, во кривичниот оддел останале незавршени 1326 предмети.

● Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел е 9315 предмети.

● Погрешно заведен 1 предмет.

● Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2018 година е 10640 предмети.

● Вкупниот број на решени предмети во текот на 2018 година во кривичниот оддел е 9030.

● На крајот на годината останале нерешени 1610 предмети.

**-Квалитетот на Кривичниот оддел**

Од решените предмети 9030, потврдени се 8814, односно 97,6%, укинати се 132 односно 1.5%, преиначени 60 односно 0.7%, делумно укинати 6, односно 0.1%, отфрлени 16, односно 0.2%.

**-Граѓански Оддел**

● Во текот на претходната 2017 година, во граѓанскиот оддел останале незавршени 1908 предмети.

● Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел во текот на 2018 година е 5894 предмети.

● Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2018 година е 7797 предмети.

● Погрешно заведени 5 предмети.

● Вкупниот број на решени предмети во текот на 2018 година во граѓанскиот оддел е 5297 предмети.

● Нерешени предмети во крајот на 2018 година останале 2500 предмети.

**-Квалитетот на граѓанскиот оддел**

Од решените предмети 5297 во текот на извештајната година, потврдени се 4927, односно 93.01%, укинати 236, односно 4.4%, преиначени 81, односно 1.5%, делумно укинати 38 или 0.7% и отфрлени 15 или 0.3%.

**3. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во Основниот суд Охрид има вкупно 439 стари нерешени предмети.

По години структурата на стари нерешени предмети е следна: од 2007 год. 2, од 2008 год. 3, од 2009 год. 1, од 2010 год. 3, од 2011 год. 6 , од 2012 год. 6 , од 2013 год. 22 , од 2014 год. 92, од 2015 год. 117 и од 2016 год. има 187 стари нерешени предмети.

**4. КРАТКИ КОНСТАТЦИИ** во врска со човечките ресурси во судот:

Основниот суд Охрид 2018 година ја заврши со вкупно 86 вработени од кои 14 судии и претседател на судот. Од бројот на судии еден судија се наоѓа на претпородилно а после тоа и на породилно отсуство , и еден судија поради болест работи со скратено работно време. Овој број на судии во никој случај не може да го совлада приливот на предмети бидејќи истите ги работат своите предмети ,ги работат предметите на судиите кои се суспендирани , разрешени или во пензија а еден судија е починат , така да во моментов во Основен суд Охрид има 13 судии заедно со Претседателот на судот бидејќи еден судија е на претпородилно а после тоа и на породилно отсуство. Вкупниот број на судии по систематизација треба да биде 18 судии.

Како најприоритетни вработувања во судот кои треба да се пополнат, се следните работни места: Раководни судски службеници - 3 извршители, Информатичар - 1 извршител, судски службеници за во судски писарници – 4 извршители, Дактилографи 3 – извршители и оператор на телефонска централа 1- извршител.

Во текот на 2018 година не е реализирано ниту едно вработување.

**5. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Охрид според критериумите за пресметување не е ажурен суд, ако се има во предвид дека не успеал да го совлада приливот и го зголемил заостатокот за 889 предмети. Судот работи со значително помал број на судии односно од предвидените 18, работи со 10 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот. Недостасуваат и административни работници која состојба доведува до зголемување на бројот на нерешени предмети.

Предлог мерки:

- Во најкраток можен рок да се пополнат испразнетите судиски места во судот
- Да се реализираат планираните вработувања
- Да се совлада приливот на предмети.

## ***ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП***

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Основниот суд Прилеп од претходната 2017 година останале нерешени 2811 предмети. Новопримени во 2018 година биле 17640 предмети. Од вкупно 20762 предмети во работа, 316 предмети повторно во работа, 5 предмети погрешно заведени и решени се 17899 предмети, а останале нерешени 2863 предмети. Приливот на предмети е совладан за 259 предмети.

### 2. СУДСКА УПРАВА

Вкупно во 2018 година во работа на судската управа биле 285 предмети, од кои 1 предмет нерешен од претходната година, новопримени биле 285 предмети, а 1 предмет се води како погрешно заведен. Решени се вкупно 285, односно решени се онолку предмети колку што судот имал во работа.

### 3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТА

\- **Кривичен оддел**

Судот годината ја започнал со заостаток од 1362 предмети, во 2018 година примил 9400 предмети и вкупно во работа од оваа област имал 10759 предмети. Во 2018 година биле решени 9119 предмети и останал остаток од 1640 нерешени предмети. Годишниот прилив не е совладан за 281 предмет.

**- Граѓански Оддел**

Во граѓанскиот оддел на судот заостатокот од претходната година бил 1448 предмети, во извештајната година примени биле 8271 предмети, во работа биле вкупно 9718 предмети од кои се решени 8495 предмети, а останале 1223 нерешени.

Во граѓанскиот оддел совладан е приливот и решени се 224 предмети повеќе од примените, со што за овие предмети е намален заостатокот на нерешени предмети во однос со 2017 година.

### 4. КВАЛИТЕТ НА РАБОТА ПО СИТЕ ОСНОВИ

Во текот на 2018 година од вкупно решени 17899 предмети, потврдени биле 596 предмети или 3,32%, укинати биле 189 предмети или 1,05%, преиначени биле 93 предмети или 0,52%, а делумно укинати 32 предмети или 0,17%.

**- Квалитет на работа на Кривичниот оддел –** од решени 9119 предмети, потврдени се 109 предмети или 1,19%, укинати се 49 предмети или 0,54%, преиначени 22 предмети или 0,24% и делумно укинати се 4 предмета или 0,04%.

**- Квалитет на работа на Граѓанскиот Оддел –** од решени 8495 предмети, потврдени се 487 предмети или 5,73%, укинати се 141 предмет или 1,66%, преиначени се 71 предмет или 0,84% и делумно укинати се 28 предмети или 0,33%.

### 5. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Судот 2018 година ја завршил со вкупно 64 стари предмети и тоа 1 предмет од 2012 година, 2 предмети од 2013 година, 2 предмети од 2014 година, 21 предмет од 2015 година и 38 предмети од 2016 година.

Во однос на претходната година, во 2018 година бројот на стари предмети е зголемен од 12 на 64 предмети.

### 6. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во извештајната 2018 година судот работел со вкупно 15 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот. На еден судија му престанала судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија, а еден судија бил упатен за вршење на судиска функција во Основен суд Крушево.

Основниот суд Прилеп има потреба од пополнување на раководни работни места со судски службеници (раководители на кривичен и граѓански оддел, информатика и финансиско работење), како и книговодител бидејќи благајникот во судот ги извршува овие работни задачи.

**7. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Основниот суд Прилеп има добри просторни капацитети.

Судот располага со доволен број на компјутерска опрема, но еден дел од истата е во лоша состојба поради дотраеност. Во 2018 година делумно е подобрена состојбата со информатичка опрема.

**8. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Со оглед дека приливот на предмети во судот е совладан за 259 предмети, Основниот суд Прилеп е ажурен суд.

За подобрување на состојбите во судот потребно е во најкус можен рок да се пополнат раководните работните места на судски службеници, како и да се обезбедат неопходните материјални средства за набавка на нова информатичка опрема.

***<u>ОСНОВЕН СУД РЕСЕН</u>***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2018 година на ниво на суд во работа биле вкупно 3665 предмети,од кои решени се 3238 предмети, додека 427 се водат како нерешени.

**2. СУДСКА УПРАВА**

Судска управа. Вкупно во работа: 484 предмети од кои сите се решени.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА**

**- Граѓански оддел (област)**

Во работа биле вкупно 1212 предмети од кои решени се 996, нерешени 216.

**Квалитет на работа**

Во работа биле вкупно 66 предмети од кои: 49 одлуки односно 74.24% се потврдени, 2 одлуку или 3.03% се преиначени и 15 односно 22.72% се укинати.

**- Кривичен оддел (област)**

Во работа биле вкупно 1942 предмети, од кои: 1741 се решени, 201 не се решени.

**- Квалитет на работа**

Во работа биле вкупно 47 одлуки од кои: 28 одлуки или 57.1% се потврдени, 11 или 22,2% се преиначени и 10 одлуки или 20,4% се укинати.

**Квалитет на работа по сите основи**

Вкупно во работа биле 115, од кои: потврдени 77, укинати 25, преиначени 13.

**4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Вкупно во работа 110 стари нерешени предмети, од кои 60 се решени 50, остануваат нерешени 44.

**5 КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Покрај 3 активни судии, во 2018 година биле вработени вкупно 23 лица. Не е пополнети едно испразнето судиско место.

**6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Се констатираат релативно добри просторни капацитети, а што се однесува на информатичката технологија истата е застарена и не одговара на потребите на судот, истото се однесува и на други технички помагала кои се однесуваат на безбедноста на судот.

**7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Ажурен суд - совладан прилив.

. - Да се согледа можноста за техничко доопремување на судот,

- Да се одржи континуитетот односно динамиката на работење.

***<u>ОСНОВЕН СУД СТРУГА</u>***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основниот суд во Струга во 2018 година вкупниот број на предмети во работа изнесува 17.013 предмети. Во овој број на предмети се вклучуваат нерешените 1874 предмети од 2017 година и 240 повторно заведените предмети, примените вкупно 14901 нови предмети во 2018 година, како и погрешно заведените 2 предмети. Од вкупно во работа 17.013 предмети, решени се вкупно 14.894 предмети, при што на крајот на годината останале нерешени 2119 предмети.

**2. СУДСКА УПРАВА**

-По однос на предметите од Судската управа, произлегува дека од вкупен број на нерешени предмети од претходната 2017 година останале 2 предмети.

-Во Основен суд во Струга како новопримени предмети во 2018 година се 1994 предмети.

-Вкупно во работа се 1996 предмети.

-Решени се 1974 предмети.

-Останале нерешени 22 предмети.

***3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА.***

**А) Работа и квалитет на одлучување на Кривичниот Оддел:**

**1. Предмети во работа**

***Вкупен број на нерешени предмети од претходната година*:**

Во Основниот суд во Струга вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува 648 предмети.

***Вкупен број на новопримени предмети***:

Вкупниот број на новопримени предмети во Основниот суд во Струга изнесува 6712 предмети.

***Предмети повторно во работа:***

Предмети повторно во работа во Основниот суд во Струга се во вкупен број од 74 предмети.

***Погрешно заведени предмети***

Како погрешно заведени предмети во судот има 1 предмет

***Вкупен број на предмети во работа:***

Вкупниот број на предмети во работа изнесува 7433 предмети.

***Вкупен број на решени предмети:***

- Вкупниот број на решени предмети во Основниот суд во Струга изнесува 6825 предмети.

***Колку предмети останале незавршени:***

Како незавршени предмети во судот останале 608 предмети.

**4. КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА**

Од вкупен број на 244 решени-обжалени предмети 164 предмети се потврдени што изнесува 67,22%, 54 предмети се укинати што изнесува 22,13%, 26 предмети се преиначени што изнесува 10,65%.

**Б) Граѓански Оддел**

**Работа и квалитет на одлучување во Граѓанскиот Оддел:**

**1. Предмети во работа**

***Вкупен број на нерешени предмети од претходната година*:**

Во Основниот суд во Струга вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува 1224 предмети

***Вкупен број на новопримени предмети***:

Вкупниот број на новопримени предмети во Основниот суд во Струга изнесува 6195 предмети.

***Предмети повторно во работа:***

Предмети повторно во работа во Основниот суд во Струга се во вкупен број од 166 предмети.

***Вкупен број на предмети во работа:***

Вкупниот број на предмети во работа изнесува 7584 предмети.

***Вкупен број на решени предмети:***

Вкупниот број на решени предмети во Основниот суд во Струга изнесува 6095 предмети.

**Погрешно заведени предмети:**

Погрешно има заведен 1 предмет.

***Колку предмети останале незавршени:***

Како незавршени предмети во судот останале 1489 предмети.

**2) Квалитет во работата**

Од вкупен број на 430 решени и обжалени предмети, 248 предмети се потврдени што изнесува 69,30%, 110 предмети се укинати што изнесува 25,58%, 22 предмети се преиначени што изнесува 5,12%, делумно укинати и отфрлени нема.

**5. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

На крајот на тековната 2018 година во Основниот суд во Струга евидентирани се 69 стари предмети, од кои 8 се кривично полнолетни, 18 прекршочни предмети, 17 извршување на санкции, 16 парнични предмети, како и 10 вонпарнични предмети. Споредено со 2017 година кога на крајот на годината останале 70 стари нерешени предмети во 2018 година остатокот на стари нерешени предмети е намален за 1 предмет.

**6. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во Основниот суд во Струга вработени се 70 лица од кои 12 судии, вклучувајќи го и Претседателот на судот, а законски предвиден број на судии е 15. Од останатите 58 вработени во категоријата на раководни судски службеници, вработено е само едно лице – судски администратор, а останатите се стручни судски службеници, административно-технички судски службеници, судска полиција и помошен персонал, иако согласно актот за систематизација се предвидени и тоа вкупно 120 вработени.

**7. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Судската зграда е релативно нова, односно пред 15 години е извршено доградување и надградување на претходно постоечкиот објект, со целосно уредување и опремување, на кој начин се обезбедени пристојни услови за работа на вработените, а просториите на писарниците, судската полиција, останатите канцеларии и судниците се опремени со нов мебел, при што две од граѓанските судници се опремени со технологија за тонско снимање на процесите, а во изминатиот период побарано е обезбедување на средства за опремување на уште две простории за аудио-видео снимање согласно новиот Закон за кривична постапка, но истите сеуште не се обезбедени. Меѓутоа и покрај наведеното, просторните услови не ги задоволуваат очекувањата на судот, бидејќи функцијата се остварува во објект во кој се сместени и други органи (Државно правобранителство и Основно јавно обвинителство).

**8. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Струга е ефикасен и ажурен суд. Од останатите судови од подрачјето на Апелациониот суд Битола овој суд е со најдобро постигнат квалитет во работењето.

За подобрување на состојбите во судот потребно е во најкус можен рок да се пополнат упразнетите работни места со административно-технички персонал. Потребно е вработување на дактилографи, стручни соработници, раководител на Одделение за информатика, како и судски референти – водители на писарници, судски референти – извршители, сметководител, како и други вработувања за да се обезбедат неопходните услови за непречено работење на судот.

Потребно е да се продолжи со едукацијата на судиите која што едукација видно од Извештајот од Основниот суд во Струга веќе се превзема по претходно дадените укажувања од страна на овој суд.

Во наредниот период најмногу внимание и итни мерки треба да се преземаат како за подобрување на квалитетот на работењето на судиите, пополнување на упразнетите места со неопходен кадар, така и за подобрување на техничката опременост на судот.

***<u>АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП</u>***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Апелациониот суд во Штип во 2018година , вкупно примени се 3251 предмети од кои решени се 3401 предмети, а нерешени останале 309 предмети.Приливот на предмети во 2018 година е совладан ,а бројот на нерешени предмети е намален во однос на заостатокот од 2017 година за 150 предмети. Судот работел само со 12 судии,заедно со претседателот,од кои 7 судии во граѓанскиот, 5 судии во кривичниот оддел.На еден судија функцијата му е во мирување, на еден судијафункцијата му мирувала до 19.12.2018 година,а двајца судии не се избрани.

**2. СУДСКА УПРАВА**

Во 2018 година во судот немало стари нерешени предмети од претходната 2017 година. Новопримени се 1858 предмети од кои решени се сите 1858 предмети.

**3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА**

**3.1. Работа по оддели**

Во кривичниот оддел од претходната 2017 година, останале нерешени 66 предмети, новопримени предмети во 2018 година се 973, 12 предмети се заведени повторно во работа,или вкупно во работа во 2018 година имало 1051 предмети.Од вкупниот број предмети решени се 1006 предмети,а останале нерешени 45 предмети.

Во граѓанскиот оддел од претходната 2017 година, останале нерешени 393 предмети, новопримени предмет во 2018 година се 2237, 29 предмети се повторно заведени во работа, или вкупно во работа во 2018 година имало 2659 предмети.Од вкупниот број предмети решени се 2395 предмети, а останале нерешени 264 предмети.

**3.2. Квалитетот во работата по оддели**

Состојбата со квалитетот на донесените одлуки е прикажана во соодност со вкупно решените предмети.

Во кривичниот оддел од вкупно решени 991 предмет потврдени се 33 предмети или 3,33%, укинати се 8 предмети или 0,81% и преиначени се 2 предмети или 0,20%.

Во граганскиот оддел од вкупно решени 2351 предмети потврдени се 64 предмети или 2,72%, укинати се 19 предмети или 0,81% и преиначени се 6 предмети или 0,26%.

**4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Состојбата со стари предмети на крајот на 2018 година е прикажана како состојба на незавршените предмети според годината на прием , и тоа според нивниот прием прв пат во Апелациониот суд Штип,на следниот начин.

По однос на кривичните предмети,незавршени останале:Кж-7 предмети од кои 2 предмети-2016 година, 3предмети-2017 година, 2предмети-2018 година.

По однос на граѓанските предмети,незавршени останале: Гж-3 предмети од кои по1 предмети-2016,2017,и 2018 година, РОЖ 1 предмет-2015 ,ТСЖ по 1 предмет 2015 и 2018 година,а 2 предмети 2016 година.

**5. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ.**

Во текот на 2018 година, Апелациониот суд во Штип, на почетокот на годината имал 54 вработени,од кои 12 судии заедно со претседателот на судот,36 судски службеници и 6 припадници на судската полиција.На 19.09.2018 година, 1 вработен заминал во старосна пензија, а на 18.12.2018 година 1 судија ја активирал судиската функција која му била во мирување,со што бројот на судии се зголемил на вкупно 13 заедно со претседателот на судот.На крајот на 2018 година судот имал 54 вработени од кои 13 судии,заедно со претседателот,35 судски службеници и 6 припадници на судската полиција.

Просторните капацитети на зградата на Апелациониот суд во Штип скоро во целост ги задоволуваат потребите за условите за извршување на работните задачи,освен што постои недостаток на простории за посоодветно сместување на судските советници и соработници,како и на записничарите.Последното произлегува од сеуште нерешеното прашање со сметувањето на обвинителствата кои и понатаму ги користат просториите на судската зграда.Судот располага со 3-три судници,од кои едната е опремена со систем за тонско снимање.Долгогодишен и реален и понатаму е проблемот со обезбедување на средства за греење кои се обезбедуваат од средствата на судот, а систем го користат и други институции и органи кои не партиципираат во трошоците.

По однос на употребата и примената на информацискиот систем, судот се здобил со сертификат за стандардот за управување со квалитет ISO 9000:2015 согласно кој изготвени се процедури со чија примена се овозможува безбедност на податоците,предметите и ИТ опремата во судот.И понатаму останува потребата за осовременување на информатичката опрема.

**6.ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Апелациониот суд во Штип во 2018 година работел како ажурен суд.

Од дадените прикази на состојбата со предмети се констатира дека Апелациониот суд во Штип го совладал приливот и го намалил заостатокот за 150 предмети. Заостаток е намален како резултат на зголемено ангажирање на сите вработени. Квалитетот на донесените одлуки е на високо ниво

Вкупниот број на нерешени предмети што останале на крајот на 2018 година,309 предмети, по сите основи,во однос на вкупниот број на судии кои постапуваат по предмети,12 судии,а согласно просекот на вкупната норма од сите видови на предмети,може да биде решен за помалку од 2-два месеци.

Неопходно е да се обезбеди осовременување на информатичката опрема за да може да се остварат обврските од процесните закони.

***<u>ОСНОВЕН СУД БЕРОВО</u>***

**1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основниот суд Берово од претходната 2017 година останале незавршени вкупно 621 предмет, а новопримени во текот на 2018 година биле 3526 предмети, предмети повторно во работа 48 со тоа што 2 предмети погрешно биле заведени, така да вкупниот број на предмети во работа во 2018 година биле 4193. Од вкупниот број предмети во работа, во текот на 2018 година биле решени 3437, а останале нерешени 756 предмети, што укажува дека заостатокот од претходната година е зголемен за 135 предмети.

**2. СУДСКА ОПРЕМА**

Во работењето на судската управа од претходната 2017 година немало нерешени предмети, а новопримени во текот на 2018 година биле 834 предмети, решени 832, останале нерешени 2 предмети.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА**

Во <u>Кривичниот оддел</u> на Основниот суд Берово од претходната 2017 година останале нерешени 217 предмети, новопримени предмети од овој вид во текот на 2018 година биле 657 и 23 предмети повторно во работа, така да вкупниот број на предмети во кривичниот оддел во извештајната 2018 година бил 897. Од овие предмети во 2018 година биле решени 660 предмети и останале нерешени 237 предмети.

Во <u>Граѓанскиот оддел</u> на Основниот суд Берово од претходната 2017 година останале нерешени 148 предмети, а новопримени предмети од овој вид во текот на 2018 година биле 285. Предмети кои повторно биле во работа во текот на 2018 година се 26 предмети, од кои 1 предмет погрешно бил заведен. Вкупно во работа биле 458 предмети од кои решени предмети биле 321 и останале нерешени 137 предмети.

Во однос на *квалитетот* при одлучувањето на ниво на суд, во Основниот суд Берово во 2018 година, според податоците од доставениот извештај од тој суд, од вкупниот број решени предмети (981) потврдени биле одлуките по 60 предмети или 49,5%, укинати биле 29 одлуки или 23,9% и 9 одлуки биле преиначени, односно 7,4%.

На ниво на оддел квалитетот во работата во Кривичниот оддел, според доставениот извештај е изразен на следниот начин:

Од вкупниот 136 решени предмети, одлуките биле потврдени во 11 предмети или 37,9%, укинати биле 4 одлуки или 13,7% и преиначена 1 одлука или 3,4%.

Во Граѓанскиот оддел од 321 број решени предмети, потврдени биле 45 одлуки или 56,96% и укинати 17 одлуки или 21,51% и преиначени се 5 одлуки или 6,3%.

**4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во Основниот суд Берово во претходната 2018 година останале нерешени 30 стари предмети и тоа 2 предмети заведени со година на прием од 2012, а 3 предмети заведени со

година на прием 2013, 1 предмет заведен со година на прием 2014, 5 предмети заведени со година на прием од 2015 година и 19 предмети заведени со година на прием 2016.

**5. КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во извештајната 2018 година, во Основниот суд Берово воочен е проблем во диспропорција во однос на работното место – задачи, при што е констатиран недостиг на уписничари и дактилографи.

**6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Просторниот капацитет на Основниот суд Берово ги задоволува потребите за вршење на работите од областа на пружање на правна помош, односно остварување на правата на граѓаните. Овој суд и натаму се соочува со проблем на неуредни санитарни јазли за што е потребна инвестиција заради санирање на состојбата. Исто така, информатичката технологија е застарена, односно потребни се нови компјутери, принтери и фотокопир.

**7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд во Берово во текот на 2018 година, не го совладал приливот и го зголемил заостатокот за 89 предмети, според тоа може да се констатира дека е неажурен суд.

По однос на квалитетот на решени предмети на ниво на суд се забележува опаѓање на квалитетот со благо зголемување на процентот на укинатите предмети и во кривичната и во граѓанската област, што значи дека треба да се вложи посериозен дополнителен ангажман за подобрување на квалитетот на решените предмети.

Просторниот капацитет ги задоволува потребите за вршење на работите од област на пружање правна помош на граѓаните.

Судот се соочува и оваа година со проблеми со неуредени санитарни чворови, со потреба на уредување на подови по канцелариите и ходниците и целосно внатрешно уредување на судот.

Информатичката технологија во целост е застарена. Потребни се нови компјутери принтери и фотокопир.

Во однос на човечките ресурси постои проблем во диспропорција во однос на нивното работно место и има недостиг од уписничари и дактилографи.

***<u>ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА</u>***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основниот суд Виница од претходната 2017 година останале нерешени 391 предмет. Новопримени во 2018 година биле 3609 предмети, повторно земени во работа 38 предмети, односно вкупно примени 3647 предмети. Од вкупно 4038 предмети во работа, решени се 3697 предмети, а останале нерешени 341 предмет. Приливот на предмети во судот е совладан, а заостатокот е намален за 50 предмети.

**2. СУДСКА УПРАВА**

Во текот на 2018 година примени се 545 предмети и сите се решени до крајот на извештајната година.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТА**

**- Кривичен оддел**

Судот годината ја започнал со заостаток од 208 предмети, во 2018 година примил 1518 предмети, предмети повторно во работа 21 и вкупно во работа од оваа област имал 1747 предмети. Во 2018 година биле решени 1499 предмети и останал остаток од 248 нерешени предмети. Годишниот прилив на предмети не е совладан за 40 предмети.

**- Граѓански Оддел**

Во граѓанскиот оддел на судот заостатокот од претходната година бил 183 предмети, во извештајната година примени биле 1546 предмети, предмети повторно во работа 17, во работа биле вкупно 1746 предмети од кои се решени 1653 предмети, а останале 93 нерешени. Годишниот прилив на предмети е совладан за 90 предмети.

**3.КВАЛИТЕТ НА РАБОТА ПО СИТЕ ОСНОВИ**

Во текот на 2018 година од вкупно решени 739 предмети, потврдени биле 71 или 9,6%, укинати биле 36 предмети или 4,8%, а преиначени биле 14 предмети или 1,9%.

**Кривичен оддел –** од решени 457 предмети, потврдени се 15 предмети или 3,28%, укинати се 21 предмет или 4,59%, преиначени се 8 предмети или 1,75%.

**Граѓански оддел –** од решени 282 предмети, потврдени се 56 предмети или 19,8%, укинати се 15 или 5,31%, преиначени се 6 или 2,12%.

**4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Судот 2018 година ја завршил со вкупно 68 стари предмети и тоа 1 предмет од 2009 година, 3 предмети од 2013 година, 6 предмети од 2014 година, 13 предмети од 2015 година и 45 предмети од 2016 година.

Во однос на претходната 2017 година која судот ја завршил со вкупно 26 стари предмети, во 2018 година бројот на стари предмети е зголемен за 42 предмети.

**5. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во извештајната 2018 година судот работел со 3 тројца судии заедно со Претседателот на судот. Со Правилникот за организација и систематизација на работни места, во судот се систематизирани 27 работни места, а предвидени 40 извршители за поодделните работни места. Судот работел со 22 работници – извршители. Во извештајот се истакнува дека пополнетоста на работните места, не одговара на обемот на работа во судот, имајќи го во предвид вкупниот годишен прилив на предмети. Во судот има двајца стручни соработници и еден помлад соработник кои имаат положено правосуден испит и за истите е потребно придвижување во кариерата во повисок степен.

Судот има потреба од технички секретар, уписничар во граѓански оддел поради заминување на уписничарот во пензија, благајник-книговодител и двајца судски доставувачи.

**6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Зградата во која е сместен судот не ги задоволува во целост просторните потреби на судот.

Судот располага со информатичка технологија, но опремата е застарена (поминати се повеќе од 10 години) и е неопходно истата да се обнови.

**7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Со оглед дека приливот на предмети во судот е совладан, а заостатокот е намален за 50 предмети, Основниот суд Виница е ажурен суд.

За подобрување на состојбите во судот потребно е подобрување на просторните услови за работа, инвестирање во опремата, како и пополнување на систематизираните работни места со административно-технички персонал.

## ***<u>ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО</u>***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2018 година на ниво на суд во работа биле вкупно 4667 предмети, од кои решени се 3992 предмети, додека 675 се водат како нерешени.

**2. СУДСКА УПРАВА**

Во работа 776 предмети, решени се сите 776 предмети.

***●Квалитет на предмети на ниво на суд***

Решени 1.011предмети, од кои потврдени 105 односно 72%, укинати 29 односно 19.8% и преиначени12.

***●Работа по оддели и квалитет во работа***

**- Кривичен оддел**

Во работа биле вкупно 2438 предмети од кои 2238 се решени, останале нерешени 200.

**Квалитет на работа:** Решени 63 9предмети, од кои потврдени 19 односно 79.2%, укинати 4 односно 16.6% , преиначени 1.

**- Граѓански оддел**

Во работа биле вкупно 2229 предмети, од кои 1754 се решени, останале нерешени 475.

**Квалитет на работа:** Решени 372 предмети од кои потврдени 86 односно 70.5%, укинати 25 односно 20.5 %, преиначени 11.

**3. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во почетокот на 2018 годината остнале нерешени 13 предмети, новопримени се 23 предмети, вкупно во работа биле 36, од кои 30 предмети се решени, а останале 6 предмети нерешени.

**4. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во 2018 година во Основен суд Делчево вкупно биле вработени 31 лице. Судската функција ја извршувале 3 судии со претседателот до седми месец, а до крајот на 2018 година двајца судии. Според систематизацијата, судската функција треба да ја обавуваат четири судии со претседателот. Според систематизацијата потребно е вработување на најмалку еден стручен соработник, двајца-доставувачи, еден-архивар, двајца –дактилографи и двајца-хигиеничари.

**5. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Основниот суд Делчево работи во зграда од која три простории користи Јавното обвинителство во Делчево, со посебен влез. Се истакнува потребата од итно реновирање на парното греење и замена на двата парни котли.

Во овој суд се применува АКМИС системот. Една судница е опремена за тонско снимање на рочиштата и истата се користи. Во однос на информатичката технологија има проблем со застареноста на компјутерите кои се на просечна старост од 14 години.

**6. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Делчево во тековната 2018 година бил неажурен сид, бидејќи не успеал да го совлада приливот на предмети. Во почетокот на 2018 година, останале нерешени 611 предмети, а вкупно во 2018 година биле во работа 4.667 предмети, од кои решени се 3.992 предмети, додека 675 се водат како нерешени, па произлегува дека Основниот суд Делчево во тековната 2018 година, бил неажурен бидејќи не успеал да го совлада приливот за 64 предмети**.**

- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на судии и пополнување на останатите потребни работни места,
- Да се согледа можноста за техничко доопремување, односно реновирање на судот,
- Да се подобри континуитетот, односно динамиката на работење.

***ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

- од претходната 2017 година останале незавршени 1.442 предмети
- во текот на 2018 година се оформени и примени во работа 9.575 нови предмети, а 122 - предмети се повторно во работа и 2 предмети се погрешно заведени
- во текот на 2018 година вкупно во работа биле 11.137 предмети
- во текот на 2018 година вкупно се решени 9.215 предмети
- во текот на 2018 година вкупниот број на нерешени предмети е 1.922.

Основниот суд Кочани во текот на 2018 година не го совладал приливот на предмети, а заостатокот го зголемил за 360 предмети. Образложението на судот е дека основна причина за зголемување на заостатокот на предмети е големиот број на примени прекршочни предмети - 397 на крајот на 2018 година, кои реално не можеле да бидат завршени во 2018 година. Понатаму се наведува дека има и 59 оставински предмети каде се јавиле проблеми кај нотарите со доставата и пронаоѓањето на наследниците, а имало и голем прилив на ВПП предмети за надомест на експроприран имот.

**2. СУДСКА УПРАВА**

- во текот на 2018 година вкупниот број на новопримени предмети е 2.569
- вкупниот број на предмети во работа во 2018-та година е 2.569
- вкупниот број на решени предмети во 2018-та година е 2.566, нерешни 3.

**- Кривичен оддел**

- од претходната 2017 година во Кривичниот оддел останале незавршени 1.035 предмети
- вкупниот број на новопримени предмети во 2018 година е 6.287 предмети
- вкупниот број на предмети во работа во текот на 2018 година е 7.386 предмет
- вкупниот број на решени предмети во текот на 2018 година во овој оддел е 6.089 предмети
- нерешени предмети до крајот на 2018 година останале 1.297 предмети.

Кривичниот оддел на Основниот суд Кочани не го совладал приливот на предмети, а го зголемил заостатокот за 198 предмети.

***Квалитет на Кривичниот оддел:***

Од обжалените и решени 2.647 предмети, кои се вратени во текот на 2018 година, потврдени се 104 предмети или 3.9%, укинати се 54 предмети или 2% и преиначени се 23 предмети или 0.9%.

**- Граѓански оддел**

- од претходната 2017 година во Граѓанскиот оддел останале незавршени 407 предмети
- вкупниот број на новопримени предмети во 2018 година е 3.288 предмети
- вкупниот број на предмети во работа во текот на 2018 година е 3.751 предмет
- вкупниот број на решени предмети во текот на 2018 година во овој оддел е 3.126 предмети
- нерешени предмети до крајот на 2018 година останале 625 предмети.

Граѓанскиот оддел на Основниот суд Кочани не го совладал приливот на предмети, а го зголемил заостатокот за 162 предмети.

***Квалитет на Граѓанскиот оддел:***

Од обжалените и решени 990 предмети, кои се вратени во текот на 2018 година, потврдени се 263 предмети или 26.6%, укинати се 53 предмети или 5.3% и преиначени се 12 предмети или 1.2%.

**3. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во текот на 2018 година, во Основниот суд Кочани во работа имало 188 стари предмети.

Основна причина за незавршување на овие предмети, според Основниот суд Кочани, е недостапоста на обвинетите пред судот, подолгото задржување на предмети при изготвување на вештачењата и укинувањето на предметите по вонредните правни лекови.

**6. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА**

Во Основниот суд Кочани има 7 судии, 43 судски службеници и 4 вработени по Законот за работни односи, или вкупно 54 вработени. Овој суд има само 3 судници, а потребни се повеќе.

ИКТ опремата, поради амортизираност и застарени карактеристики, делумно ги задоволува тековните потреби. Во овој суд има технички проблем со системот за тонско снимање SRS FEMIDA, поради што тонското снимање на граѓанските рочишта се врши во една судница која е технички опремена, но на странките им се доставуваат писмени записници наместо CD. Потребна е и надградба на серверите за зачувување на податоците.

**7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Потребно е изнаоѓање на решенија за обезбедување на дополнителен простор за судници, како и за сместување на судската служба. Исто така, постои потреба од технички сервис и контрола од стручни лица за исправноста на алармните системи и поставување на сензори со светло на надворешниот дел од зградата. Покрај тоа, потребно е задолжување со службено огнено оружје и опрема на Командирот на Судската полиција на судот, како и дополнително вооружување на Судската полиција со понови модели и нови униформи. Судот

има потреба и од нов метал детектор и рентген за ташни, активки и итн., 8 нови видео камери поради неисправност на постоечките и поставување на метална рамка со две врати со чип на просторот меѓу првиот и вториот кат заради заштита и безбедност на просториите на Претседателот на судот и судиите.

Основниот суд во Кочани не е ажурен суд, бидејќи не го совладал приливот на предмети, а го зголемил заостатокот.

## ***<u>ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ</u>***

### 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2018 година во Основниот суд Радовиш се примени 7079 предмети, од претходната година останале нерешени 369, повторно зеведени во работа 70 предмети, погрешно заведени 2 предмети или вкупно во работа 7516 предмети од кои решени се 7154, а останале нерешени 362 предмети.

### 2. СУДСКА УПРАВА

Во 2018 година, на почетокот на годината имало само 1 нерешен предмет, ново примени се 1221, или вкупно во работа имало 1222 предмети, од кои решени се сите 1222 предмети.

### 3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

**- Кривичен оддел**

На почетокот на годината имало 123 нерешени предмети, новопримени биле 901 предмет,22 предмети повторно биле во работа, или вкупно во работа имало 1046 предмети, од кои решени се 942 предмети, а останале нерешени 104 предмети. Остатокот на нерешени предмети е намален за 14 предмети во однос на 2017 година.

Квалитет на работа на овој оддел изразен во проценти е следен: од вкупно решени 942 предмети, потврдени се 5.41%, укинати се 1,38 % и преиначени се 1,06 %.

**- Граѓански оддел**

Во извештајната 2018 година биле примени 360 предмети, нерешени од претходната година 114 предмети, 47 предмети повторно биле во работа, 2 предмети се погрешно заведени или вкупно во работа одделот имал 519 предмети, од кои решени се 414 предмети, а останале нерешени 105 предмети.

Остатокот на нерешени предмети е намален за 281 предмет во однос на 2017 година.

Квалитетот на работа на овој оддел изразен во проценти е следен: од вкупно решени 414 предмети, потврдени се 22,94 % , укинати 7,48% и преиначени 2,65 % .

### 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во текот на извештајната 2018 година судот постапувал по 52 стари нерешени предмети со пренесените 21 предмет од 2017 година, а на крајот на годината останале 33 нерешени стари предмет.По видови предмети нерешени останале 3 кривични,8 оставински,12 за извршување санкции,7 прекршочни и 3 граѓански предмети.

### 5. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во текот на извештајната 2018 година судиската функција во Основниот суд Радовиш ја извршувале претседателот на судот и 3 судии. Судот работел со помал број на судии, кој согласно одлуката на Судскиот совет на Република Северна Македонија изнесува 6. Судијата Лилјана Додевска повторно била делегирана во Основниот суд Свети Николе.

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Радовиш од 01.04.2015 година во судот се непополнети 15 работни места, а во 2018 година уште двајца судски службеници исполниле услови за старосна пензија, со што судот има потреба од нови вработувања.

### 6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ И ОПРЕМЕНОСТ

Во однос на просторните капацитети и информатичката технологија состојбата е подобрена споредено со претходните 2 години, па така набавени се нови 15 компјутери и информатичка опрема со што е подобрено и функционирањето на АКМИС системот и

останатата судска работа.Судот располага со 3 судници,од кои едната е опремена со опрема за тонско снимање на текот на судските расправи.

Основниот суд Радовиш и понатаму е сместен во зграда во која покрај судот се сместени и Основното јавно обвинителство, Подрачна единица на Агенција за катастар и Управата за јавни приходи.

**7.ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Радовиш во 2018 година работел како ажурен суд.

Од дадениот приказ на состојбата со предмети се констатира дека Основниот суд Радовиш го совладал приливот со надминување на ориентационата норма и го намалил заостатокот за 7 предмети. Квалитетот на донесените одлуки е на високо ниво.

Вкупниот број на нерешени предмети што останале на крајот на годината,362 предмети по сите основи, во однос на вкупниот број на судии кои постапуваат, 3 судии и претседателот на судот, а согласно просекот на вкупната норма од сите видови на предмети, може да биде решен за 3-три до 4-четири месеци.

## ***<u>ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ</u>***

**1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2018 година во Основниот суд Свети Николе, нерешени од претходната година останале 386 предмети, новопримени биле 4.594 предмети, повторно во работа се 24 предмети, погрешно заведени 3 предмети, вкупно во работа биле 5.001 предмети, решени се 4.604 предмети, а останале нерешени 376 предмети.

**2.СУДСКА УПРАВА**

На почетокот на извештајната 2018 година новопримени предмети 907, вкупно во работа биле 907 предмети од кои 906 се решени,остана 1 нерешен предмет.

**3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТА**

**- Кривичен оддел**

На почетокот на 2018 година нерешени 138 предмети, новопримени се 1.808 предмети, повторно во работа се 9 предмети, погрешно заведени 2 предмети, вкупно во работа 1.946 предмети, решени се 1.778 предмети, а останале нерешени 168 предмети.

Квалитетот на работата во овој оддел е следен: од вкупно решените 1.778 предмети, потврдени се 38 предмети или 2,1%, укинати се 5 предмети или 0,3% и преиначени 5 предмети или 0,3%.

**- Граѓански оддел**

На почетокот на 2018 година, нерешени предмети 89, новопримени се 680 предмети, повторно во работа се 15 предмети, погрешно заведен 1 предмет, вкупно во работа 769 предмети, решени се 667 предмети, а останале нерешени 102 предмети.

Квалитетот на работа во овој оддел е следен: од вкупно решени 667 предмети потврдени се 104 предмети или 15,59%, укинати се 12 предмети или 1,8% и преиначени се 3 предмети или 0,45%.

Квалитетот на работењето на ниво на суд е следен: од вкупно решените 4.604 предмети, потврдени се 142 или 3,1%, укинати се 17 предмети или 0,36 % и преиначени се 8 предмети или 0,17 %.

**4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

На крајот на извештајната 2018 година, од предметите кои ги решавале судиите, останале нерешени 4 стари предмети од кривично-полнолетни од кои, едниот првпат е заведен во 2015-та година, додека останатите 3 првпат се заведен во 2016-та година.

**5.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во Основниот суд Свети Николе во текот на 2018 година судиската функција ја извршувале 2 судии избрани во судот и еден судија делегиран од Основен суд Радовиш. Непотполнети се места за уште 2 судии.

Според Правилникот за организација и систематизација на работните места во овој суд, се систематизирани 17 работни места, а предвидени се 35 извршители за поодделните работни места.

Овој суд во текот на 2018 година работел со 19 судски службеници од кои 5 стручни судски службеници, 10 административно-технички службеници, 4 судски полицајци и 1 работник по Законот за работни односи.

Има потреба од приоритетно вработување на уште двајца извршители – судска полиција, а воедно согласно систематизацијата има непополнети повеќе работни места, кои се детално наведени во Извештајот за работа на овој суд за 2018 година.

**6.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Просторните капацитети во судот задоволуваат, потребно е да се променат прозорците, а исто така има потреба од стандарден кров на судската зграда како приоритетно, поради протекување на кровот изложени на врнежи и влага две судски канцелари се испразнети.

**7.ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Судиите и останатите вработени во овој суд, вложиле напори за совладување на приливот и намалување на заостатокот. Овој суд се смета за ажурен суд, бидејќи приливот на предметите во целост го има совладано.

Судиите, стручните соработници, како и останатите вработени треба и натаму да продолжат со заложби за ажурно и квалитетно водење на постапките, во насока на решавање на поголем број на предмети, постигнување на уште подобар квалитет во пресудувањето, како и постојано стручно усовршување на судиите.

***<u>ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА</u>***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Судот ја започнал годината со 2174 предмети.Во работа примил 20308 нови предмети и со 267 предмети повторно земени во работа,како и 5 предмети погрешно заведени, вкупно во работа имал 22744 предмети.Од тие решил 20398 предмети и нарешени останале 2346 предмети. Приливот на предмети е совладан.

**2. СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 2660 предмети,решени се 2653 предмети а постапката е незавршена по 7 предмети.

Судската управа е раководена од Претседател на судот Марина Абрашева.

Во извештајната година судот имал вработено судски администратор и обврските кои согласно Законот за судска служба се во негова надлежност ги извршувало тоа лице.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА**

Состојбата со предметното работење е следната:

**- Кривичен оддел**

Од претходна година имало заостаток од 863 предмети.Примени со нови 9345 предмети и со 149 предмети земени повторно во работа,као и 3 предмети погрешно заведени, вкупно во работа имало 10360 предмет. Од тоа решени се 9304 предмети и незавршени останале 1056 предмети.Заостатокот на предмети е зголемен за 193 предмет,или за 22,36%.

Кај овој вид предмети квалитетот е следниот: Од решените 2784 предмети (според податок од табела бр.5-кој не соодвествува со податок за решени предмети од табела бр.4) обжалени се 274 предмети. Од обжалените предмети 166 предмети ,или 5,96 % ,се потврдени,62 предмети,или 2,23 %, се укинати и 46 предмети,или 1,65 %, се преиначени.Процентите се добиени во соодност со бројот на решените 2784 предмети.

**- Граѓански оддел**

Од претходна година имало заостаток од 1311 предмети.Примени со нови 10881 предмети и со 100 предмети земени повторно во работа,као и 2 предмети погрешно заведени, вкупно во работа имало 12294 предмет. Од тоа решени се 10994 предмети и

незавршени останале 1300 предмети.Заостатокот на предмети е намален за 11 предмет,или за 0,84%.

Кај овој вид предмети квалитетот е следниот: Од решените 1580 предмети (според податок од табела бр.5-кој не соодвествува со податок за решени предмети од табела бр.4) обжалени се 449 предмети. Од обжалените предмети 357 предмети ,или 22,6 % ,се потврдени,76 предмети,или 4,81 %, се укинати и 16 предмети,или 1,01 %, се преиначени.Процентите се добиени во соодност со бројот на решените 1580 предмети.

(Во извештајот доставен до Вховниот суд на Република Северна Македонија од Основниот суд во Струмица не се дадени податоци по одделни видови предмети туку само групно за сите предмети од одделот)

**4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

На почетокот на 2018 година Основен суд Струмица имал 80 постари предмети од 2 години во работа. На крајот на 2018 г во работа останале 39 стари предмети, што значи дека бројката е намалена за 41 предмети. Од овие 39 предмети 4 се постари од 7 години а останатите 37 се помеѓу 2 и 6 години стари.

**5. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Според систематизацијата во Основен суд Струмица треба да бидат распоредени 20 судии, но во текот извештајната 2018 година судската функција ја извршува 14 судиии заедно со Претседателот на судот.

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Струмица, предвидени се 121 работно место од кои пополнети се 66.

**6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Зградата на судот е целосно реновирана,снабдена е со нов мебел и клима уреди за сите простории,а и архивата на судот е целосно средена со нови метални ормари.

Според претседателот на судот овој суд нема потреба од капитални инвенстиции,но актуелна е потребата за вработување на лице за одржување на хигиената.Исто така и покрај добрата опременост со средства и кадри за одржување на безбедноста потребна е набавка на скенер-апарат.

Состојбата со информатичката опрема ги задоволува потребите на судот.

**7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

За работата на судот може да се заклучи следното:

Од аспект на предметното работење судот е ажурен, бидејќи го совладал приливот.

Квалитетот во работата се одликува и со висок процент на необжалени одлуки и квалитетно работење во однос на вкпно решените предмети.

Просторните услови и состојбата со информатичка и безбедносна опрема задоволува.

Во наредниот периодот треба да се подобрат капацитетите на информатичката опрема на судот и да се подобри кадровската состојба за одржување на хигиената на судот.

Потребно е да се продолжи со квалитетно работење.

***<u>ОСНОВЕН СУД ШТИП</u>***

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

На крајот од 2017 година останале нерешени вкупно 2711 предмети, во текот на 2018 година биле примени вкупно 15751 предмети, како и 204 земени повторно во работа, 7 погрешно заведени или вкупно во работа имале 18659 предмети, решени биле 16040 предмети, а останале незавршени 2619 предмети.

Во текот на 2018 година од судска управа биле вкупно во работа 1016 премети и сите се завршени.

**2. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

На почетокот од 2018 година судот во работа имал 100 стари предмети , во текот на годината примени се 141 предмет, па во работа биле вкупно 241 стар предмет, од кои решени се 126, па на крајот од годината останале 115 нерешени стари предмети .

**3.КВАЛИТЕТ НА НИВО НА СУД**

Според податоците за вратени предмети од Апелациониот суд  во текот на 2018 потврдени се 687 предмети или 4,2%%, укинати се 173 предмети или  1% и преиначени 44 предмети или 0,2%  во однос на вкупно решените предмети.

**Граѓански оддел**

На крајот од 2017 година останале незавршени 1366 предмети, во текот на 2018 година биле примени 6003 предмети, како и 149 земени повторно во работа, или вкупно во работа биле 7518 предмети, од кои 6215  се решени, а останале 1303 нерешени предмети.

**-Квалитет во граѓански оддел**

Според податоците за вратени предмети од Апелациониот суд во текот на 2018 година потврдени се 553 предмети или 8,8%,укинати се 137 предмети или 2,2% и преиначени се 26 предмети или 0,4% во однос на вкупно решени предмети.

**Кривичен оддел**

На крајот од 2018 година останале незавршени 1345 предмети, во текот на 2018 година биле примени 9748 предмети, како и 55 предмети земени повторно во работа при што вкупно во работа биле 11141 предмети, од кои 9825 биле завршени, а останале незавршени 1316 предмети.

**-Квалитет во кривичен оддел**

Според податоците за вратени предмети од Апелациониот суд во текот на 2018 година потврдени се 134 предмети или 1,3%,укинати се 36 предмети или 0,3%, а преиначени се 18 предмети или 0,1 % во однос на вкупно решени предмети.

**4. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Основниот суд Штип во текот на 2018 година работел со вкупно 84 вработени од вкупно  од предвидените 140. Судот работел со 14 судии од предвидените 19. Недостасува и административен персонал во писарница, стручни соработници, дактилографи и технички персонал.

**5. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Просторните капацитети во кои функционира судот се на задоволително ниво. Се наметнува потреба од повеќе судници, со оглед на тоа дека судии судат во своите кабинети.

За одделението во Пробиштип обезбеден е и опремен простор за негово нормално функционирање.

**6. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Штип во 2018 година успеал да го совлада приливот на предмети и го намалил заостатокот при што истиот се смета за ажурен суд.

Во 2019 година да се пополнат сите испразнети места од стручен кадар и административно-технички персонал согласно систематизацијата.

Дополнување со компјутерска опрема, набавка на инвентар и обезбедување средсва за реализација на планираните набавки.

Интензивирање на соработката со повисоките судови и остварување на планот за решавање на старите предмети.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**